# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА [redacted] РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Понеделник, 27 април 1992
Скопје
Број 26 Год. XLVIII

Аконтацијата за 1992 година изнесува 2.600 денари. Овој број чини 500 денари. Жиро сметка 40100-603-12498


**468.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

### УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАРОДНАТА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за Народната банка на Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 април 1992 година.

Број 08-1782/1
26 април 1992 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

### ЗАКОН
### ЗА НАРОДНАТА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

#### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредува организацијата и работата на Народната банка на Република Македонија (во натамошниот текст: Народна банка на Македонија).

Член 2

Народната банка на Македонија е емисиона банка.

Член 3

Народната банка на Македонија е самостојна и одговорна за стабилноста на домашната валута, за монетарната политика и за општата ликвидност на плаќањата во Република Македонија и кон странство.

Член 4

За обврските на Народната банка на Македонија гарантира Република Македонија.

Народната банка на Македонија не презема обврски за плаќање наместо други правни и физички лица врз основа на својата одговорност за општата ликвидност на плаќањата во земјата и спрема странство.

Член 5

Народната банка на Македонија го регулира количеството на пари во оптек.

Член 6

Народната банка на Македонија, заради обезбедување стабилност на домашната валута и регулирање на количеството пари во оптек, на крајот на тековната година донесува проекција на монетарно-кредитните движења за следната година.

Член 7

Собранието на Република Македонија, врз основа на Проекцијата од член 6 донесува одлуки за целите и задачите на монетарно-кредитната и девизната политика.

Член 8

Народната банка на Македонија ги следи и проучува појавите и движењата во областа на монетарната, кредитната и девизната политика, како и појавите и движењата во кредитните односи со странство и за тоа редовно го известува Собранието на Република Македонија.

Народната банка на Македонија поднесува до Собранието на Република Македонија полугодишен и годишен извештај за спроведувањето на целите и задачите на монетарно-кредитната и девизната политика. Заедно со годишниот извештај Народната банка на Македонија поднесува и завршна сметка за претходната година.

#### II. ФУНКЦИИ НА НАРОДНАТА БАНКА НА МАКЕДОНИЈА

**1. Регулирање на количеството пари во оптек**

Член 9

Народната банка на Македонија во рамките на своите права и должности, а во согласност со утврдените цели и задачи на монетарно-кредитната и девизната политика, ги утврдува мерките за нивно спроведување.

Мерките за спроведување на монетарно-кредитната политика се:

1) утврдување на висината на задолжителната резерва на банките и другите финансиски организации кај Народната банка на Македонија;

2) издавање и повлекување на благајнички записи на Народната банка на Македонија;

3) купување и продажба на домашни, односно странски преносливи краткорочни хартии од вредност;

4) одобрување на краткорочни кредити на банките врз основа на домашни и странски преносливи краткорочни хартии од вредност, ако на тие хартии банките дале авали;

5) одобрување на краткорочни кредити на банките врз основа на определени исправи за намени утврдени со одлука на Собранието на Република Македонија;

6) одобрување на кредити на банките со рок на враќање до три месеци, со залог на обврзници на Република Македонија и благајнички записи на Народната банка на Македонија;

7) определување на активните и пасивните каматни стапки на Народната банка на Македонија;

8) издавање и повлекување на пари со купување, односно со продажба на девизи на девизниот пазар во согласност со закон и

9) ограничување на обемот и динамиката на растежот на пласманите на банките за определено време.

Во случај на отстапување на монетарните ефекти од утврдените монетарни рамки, Народната банка на Македонија е должна да преземе дополнителни мерки од својата надлежност, тргнувајќи од одговорноста за стабилноста на валутата.

Мерките од став 2 на овој член се применуваат на единствен начин спрема сите банки, ако со закон не е поинаку определено. Народната банка на Македонија утврдува кои мерки од овој член и под кои услови се применуваат на другите финансиски организации.

Член 10

Народната банка на Македонија ја утврдува висината на задолжителната резерва на банките и другите финансиски организации со пропишување на определен процент (стапка) од депозитите и од сите други средства.

Народната банка на Македонија може да ја утврди висината на задолжителната резерва и со пропишување на диференцирани проценти (стапки) според видот, рочноста и големината на депозитните и другите средства на банките и на другите финансиски организации, односно да утврди да не се пресметува задолжителна резерва на определени депозити и други средства.

Во исклучителни случаи, Народната банка на Македонија, најмногу за период од три месеци, може да утврди, покрај издвојувањето на задолжителна резерва по одредбите на став 1, односно 2 на овој член, издвојување на задолжителната резерва со примена на маргинални проценти (стапки) на порастот на пласманите или депозитите и другите средства на банките и другите финансиски организации.

Народната банка на Македонија ја утврдува висината на каматните стапки по кои се пресметува и плаќа камата на издвоената задолжителна резерва на банките и на другите финансиски организации кај Народната банка на Македонија.

Член 11

Народната банка на Македонија ги утврдува начинот и роковите на пресметување и издвојување на задолжителната резерва на посебна сметка.

Банките и другите финансиски организации можат издвоените средства на задолжителната резерва да ги користат во текот на месецот за одржување на својата дневна ликвидност, под условите што ќе ги утврди Народната банка на Македонија.

Народната банка на Македонија дава камата на средствата на задолжителната резерва и одредува надоместок за неправилно пресметана и искористена задолжителна резерва, како и за одобрено користење на задолжителната резерва.

Член 12

Народната банка на Македонија издава благајнички записи врз основа на одлука со која се определуваат обемот, роковите и другите услови за запишување, односно за исплата на тие записи.

Благајнички записи на Народната банка на Македонија можат да запишуваат банките и другите финансиски организации.

Народната банка на Македонија може да им пропише на банките и на другите финансиски организации, како мерка за одржување на нивната минимална ликвидност, и задолжително запишување на благајнички записи.

Народната банка на Македонија ја утврдува висината на каматната стапка по која таа им плаќа камата на банките за задолжително запишување благајнички записи.

Член 13

Народната банка на Македонија ги утврдува видот, висината, роковите и другите услови за купување и продажба на домашни и странски преносливи краткорочни хартии од вредност, а може да ги купува и да им ги продава на банките и на другите финансиски организации непосредно или преку меѓубанкарскиот пазар на пари и краткорочни хартии од вредност.

Член 14

Народната банка на Македонија ги утврдува висината, роковите за користење и враќање и другите услови за давање краткорочни кредити на банките и другите финансиски организации непосредно или на меѓубанкарскиот пазар на пари и краткорочни хартии од вредност, и тоа:

1) врз основа на домашни и странски преносливи хартии од вредност за кои банките дале авал и кои пристигнуваат во рок од една година;

2) врз основа на определени исправи и за намени утврдени со одлука на Собранието на Република Македонија и

3) врз основа на залог на одредени хартии од вредност.

Народната банка на Македонија утврдува кои видови хартии од вредност и други исправи можат да служат како основа за давање кредити според одредбите од овој член.

Член 15

Народната банка на Македонија ја утврдува општата есконтна стапка на Народната банка на Македонија.

Народната банка на Македонија ги утврдува каматните стапки по кои се наплатува камата на сите кредити и други побарувања, односно се плаќа камата на депонирани средства кај Народната банка на Македонија.

Член 16

Народната банка на Македонија издава и повлекува пари и со купување, односно со продажба на девизи на девизниот пазар, во согласност со закон и со утврдената монетарна и девизна политика.

Член 17

Народната банка на Македонија може да ги ограничи обемот и динамиката на растежот на пласманите на банките и на другите финансиски организации ако е тоа неопходно заради остварување на целите и задачите на монетарно – кредитната политика и ако тие цели, односно задачи не можат да се остварат со други мерки за чие преземање е овластена Народната банка на Македонија.

Ако е неопходно мерката од став 1 на овој член да се применува подолго од три месеци, Народната банка на Македонија е должна да бара согласност од Собранието на Република Македонија за натамошната примена на таа мерка.

Од ограничувањето од став 1 на овој член не може да се изземе ни една банка и друга финансиска организација, а можат да се пропишат различни ограничувања и изземање од ограничувањата на определени намени на кредитите и на другите пласмани на банките и на другите финансиски организации.

**2. Одржување на ликвидноста на банките и на другите финансиски организации**

Член 18

Народната банка на Македонија заради одржување на ликвидноста на банките и на другите финансиски организации, донесува одлуки со кои:

1) ги пропишува висината, условите и начинот на одржување на минималната ликвидност на банките и на другите финансиски организации;

2) ги пропишува задолжителните рамки на рочната структура на пласманите на банките и на другите финансиски организации;

3) го пропишува начинот на користење на задолжителната резерва кај Народната банка на Македонија заради одржување на ликвидноста на банките и на другите финансиски организации;

4) им ги утврдува на банките и другите финансиски организации рамките за давање авали на хартиите од вредност што ги издаваат претпријатијата, за издавање на гаранции и за издавање на сопствени хартии од вредност;

5) ги утврдува условите за формирање на посебна резерва на банките и на Поштенската штедилница заради одржување на ликвидноста во плаќањата по штедните влогови и тековните сметки на граѓаните во домашна валута;

6) ги пропишува висината, роковите за користење и враќање и другите услови за давање на банките краткорочни кредити за одржување на дневната ликвидност врз основа на определени хартии од вредност и

7) ги пропишува минималните општи услови за кредитната способност на банките и другите финансиски организации.

Мерките од став 1 на овој член се применуваат на единствен начин спрема сите банки, ако со закон не е поинаку определено. Народната банка на Македонија утврдува кои мерки од овој член и под кои услови се применуваат на другите финансиски организации.

Член 19

Народната банка на Македонија може да пропише обврска за банките и за другите финансиски организации, како минимум за одржување на својата ликвидност, да држат дел од средствата на своите сметки и во определени ликвидни пласмани.

Народната банка на Македонија може да пропише и обврска за банките и за другите финансиски организации структурата на своите пласмани по роковите на пристигнување да ја одржуваат во определени рамки и да ја усогласуваат со структурата на изворите на средствата според нивната рочност.

Член 20

Народната банка на Македонија ги пропишува условите и начинот на користење на задолжителната резерва на банките и на другите финансиски организации заради одржување на нивната дневна ликвидност.

За време на користењето на задолжителната резерва кај Народната банка на Македонија, банката, односно другата финансиска организација, не може да дава кредити, ниту да врши други пласмани.

Член 21

Народната банка на Македонија гарантира за штедните влогови и за тековните сметки на граѓаните во домашна валута кај банките и кај Поштенската штедилница.

Обврска за Народната банка на Македонија по основ на гаранцијата од став 1 на овој член настанува:

1) ако банката, односно Поштенската штедилница на својата жиро-сметка нема доволно средства за тековни исплати по штедните влогови и тековните сметки на граѓаните во домашна валута, а за одржување на својата ликвидност ги искористила средствата на задолжителната резерва, во смисла на одредбите од член 19 на овој закон и

2) ако банката, односно Поштенската штедилница оди во стечај, а не е во можност да ги намири обврските по штедните влогови и тековните сметки на граѓаните во домашна валута на начинот предвиден со закон.

Настанувањето на обврската од став 2 на овој член, начинот на нејзиното извршување, условите под кои банките и Поштенската штедилница ги користат и враќаат позајмиците по тој основ се утврдуваат со одлука на Народната банка на Македонија.

Член 22

Врз основа на обврската за гаранција за штедните влогови и тековните сметки на граѓаните во домашна валута Народната банка на Македонија може да им пропише на банките и на Поштенската штедилница држење на посебна резерва заради одржување на ликвидноста во плаќањата по штедните влогови и тековните сметки на граѓаните во домашна валута.

Народната банка на Македонија може со одлука да ги утврди условите кога банката и Поштенската штедилница се должни штедните влогови и депозитите по тековните сметки на граѓаните во домашна валута да ги осигураат кај осигурителна организација.

Член 23

Народната банка на Македонија ги утврдува висината, роковите за користење и враќање и другите услови за давање краткорочни кредити на банките и на другите финансиски организации за одржување на нивната дневна ликвидност.

Кредитите од став 1 на овој член Народната банка на Македонија ги дава врз основа на хартиите од вредност со кои располагаат банките, и тоа врз основа на:

1) благајничките записи на Народната банка на Македонија;

2) хартиите од вредност што ги издава Република Македонија;

3) обврзниците за кои Република Македонија со закон презела обврска да ги амортизира или за кои гарантира;

4) определени есконтирани меници на претпријатијата;

5) благајничките записи на банките и на другите издавачи и

6) комерцијалните записи.

Член 24

Народната банка на Македонија не може да купува преку банките и другите финансиски организации домашни и странски преносливи краткорочни хартии од вредност и да им одобрува кредити на банките и на другите финансиски организации што не ги исполнуваат условите од точка 7 став 1 на член 18 од овој закон.

По исклучок од одредбата од став 1 на овој член, Народната банка на Македонија може на банка или на друга финансиска организација да ѝ одобри користење на кредити за одржување на дневната ликвидност, ако ги исполнува условите за користење на тие кредити утврдени со одлука на Народната банка на Македонија.

Член 25

Банката и другата финансиска организација е неликвидна, ако во рокот не ги намирила пристигнатите обврски во земјата и спрема странство или тие обврски наместо неа ги извршило друго правно лице или Републиката по основ на гаранција.

Неликвидна банка и друга финансиска организација не може да врши плаќање од својата жиро-сметка.

По исклучок од одредбата на став 2 од овој член, неликвидна банка и друга финансиска организација може да врши плаќање само по основ на штедните влогови и тековните сметки на граѓаните во домашна

валута или на девизните штедни влогови и девизните сметки на граѓаните.

Член 26

Институцијата што го врши платниот промет е должна податоците врз основа на кои се утврдува неликвидноста на банката и на друга финансиска организација, со кои располага во рамките на своите надлежности, веднаш да ги достави до Народната банка на Македонија.

Институцијата што го врши платниот промет ја известува десетдневно Народната банка на Македонија за состојбата на ликвидноста на банките и на другите финансиски организации.

Народната банка на Македонија ги пропишува поблиску условите за утврдување на неликвидноста на банките и на другите финансиски организации.

Член 27

Народната банка на Македонија го утврдува денот на настанувањето на неликвидноста на банката и на другата финансиска организација и за тоа ги известува:

1) Собранието на Република Македонија;

2) Институцијата што го врши платниот промет и

3) Собранието на банката, односно на другата финансиска организација.

**3. Одржување на ликвидноста во плаќањата спрема странство**

Член 28

Народната банка на Македонија заради одржување на општата ликвидност на Република Македонија во плаќањата спрема странство, донесува одлуки и пропишува мерки и во рамките на своите права и должности ги применува тие мерки.

Член 29

Заради одржување на ликвидноста во плаќањата спрема странство, Народната банка на Македонија купува и продава девизи на меѓубанкарскиот состанок на девизниот пазар и врши други работи определени со закон.

Член 30

Народната банка на Македонија може да отвора сметки во странство.

Народната банка на Македонија ракува со постојаните и тековните резерви на Република Македонија, освен со делот на тековните девизни резерви со кои ракуваат овластените банки.

Член 31

Заради одржување на ликвидноста на Република Македонија во плаќањата спрема странство, во рамките на утврдената девизна политика, Народната банка на Македонија може да пропише: обврска да се пријавуваат однапред плаќањата спрема странство, обврска за овластените банки да држат определен износ во девизи или во ликвидни девизни пласмани како минимална резерва за одржување на ликвидноста во плаќањата спрема странство и други мерки за кои е овластена со закон.

Член 32

Народната банка на Македонија може да учествува во трансакциите на девизните пазари во странство.

Член 33

Народната банка на Македонија во согласност со утврдената девизна политика, презема мерки за остварување на обемот и структурата на склучувањето и користењето на странски кредити и го следи и контролира заснивањето на кредитни односи со странство, во согласност со закон.

Член 34

Народната банка на Македонија го обезбедува спроведувањето на платните и финансиските договори со странство.

Член 35

Народната банка на Македонија може да се задолжува во странство од свое име и за своја сметка, заради одржување на ликвидноста во плаќањата во странство.

Кредитите од став 1 на овој член, со рок за враќање подолг од една година, Народната банка на Македонија може да ги зема само врз основа на закон.

Член 36

Народната банка на Македонија може да се задолжува од свое име, а за сметка на Републиката само врз основа на закон.

**4. Издавање на книжни и ковани пари**

Член 37

Книжните и кованите пари, кои гласат на домашна валута се законско средство за плаќање на територијата на Република Македонија.

Член 38

Сите обврски и права и сите работи што гласат на пари, воспоставени во Република Македонија меѓу претпријатија, други домашни правни лица и граѓани, како и меѓу граѓани со странски лица, се изразуваат во домашна валута и се извршуваат со средствата за плаќање што гласат на домашна валута, ако со закон не е поинаку определено.

Член 39

Паричната единица на Република Македонија се утврдува со посебен закон.

Член 40

Народната банка на Македонија издава книжни и ковани пари и ги утврдува апоените и основните обележја на книжните и на кованите пари.

Народната банка на Македонија донесува одлука за пуштање во оптек и за повлекување од оптек на книжни и ковани пари.

Член 41

Народната банка на Македонија ја снабдува со книжни и ковани пари институцијата што го врши платниот промет.

Трошоците околу испораките на готови пари до организационите единици на институцијата што го врши платниот промет ги поднесува Народната банка на Македонија. Народната банка на Македонија ги поднесува и трошоците за замена на оштетените книжни пари и трошоците за повлекување на излитени книжни пари, што за нејзина сметка го врши институцијата што го врши платниот промет.

Член 42

Најниският апоен во прометот со кој се заокружува крајната пресметка во готовинскиот и безготовинскиот платен промет и во деловните книги го утврдува Народната банка на Македонија во согласност со Владата на Република Македонија.

Член 43

Книжните и кованите пари што се повлекуваат од оптек престануваат да бидат законско средство за

плаќање и се заменуваат во роковите и начинот што се утврдуваат со одлука на Народната банка на Македонија.

Член 44

Народната банка на Македонија ги заменува книжните и кованите пари што станале непогодни за промет и тоа: изабените книжни пари во полн износ, а оштетените книжни и ковани пари под условите што ќе ги определи таа.

Член 45

Одлука за издавање книжни пари за вонредни потреби на Републиката настанати поради непосредна воена опасност или во случај на воена состојба, донесува Владата на Република Македонија.

Член 46

Изработката на книжни и ковани пари е во надлежност на Народната банка на Македонија.

Изработката на книжните пари ја врши организација во Републиката овластена со закон, а по исклучок и во странство.

**5. Работи за сметка на Републиката и вооружените сили на Република Македонија**

Член 47

Народната банка на Македонија прима во депозит средства на Република Македонија, врши кредитни и други банкарски работи за потребите на вооружените сили на Република Македонија и за други потреби на одбраната утврдени со закон, како и други со закон определени кредитни, односно банкарски работи за сметка на Републиката.

Работењето на Народната банка на Македонија од став 1 на овој член се води одвоено од работењето кое се однесува на спроведувањето на монетарно-кредитната и девизната политика.

Член 48

Под парични средства на Републиката во смисла на одредбата на став 1 од член 47 на овој закон, се подразбираат средствата на Републичкиот буџет, средствата на Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта и средствата на органите на управата и на организациите, освен фондот за здравствена заштита.

Член 49

Народната банка на Македонија може да ѝ одобрува кредити на Републиката за потребите на Републичкиот буџет и тоа во висина најмногу до 5% од обемот на Буџетот за секоја тековна година.

Одобрување кредити на Републиката според одредбите на овој член може да се врши само во рамките на проекцијата на монетарно-кредитната политика.

**6. Посебни овластувања на Народната банка на Македонија и работи на контролата**

Член 50

Народната банка на Македонија врши контрола над спроведувањето на мерките на монетарно-кредитната и девизната политика и над прописите со кои се уредени девизното работење и кредитните односи со странство, прометот на стоки и услуги со странство и вршењето на стопански дејности во странство од страна на банките и на другите финансиски организации.

Ако со контролата од став 1 на овој член се констатираат неуредности, Народната банка на Македонија презема мерки спрема соодветната банка или друга финансиска организација, како и спрема раководните работници на банката и другата финансиска организација.

Поблиските услови и начинот на вршење на контрола, видот, роковите, редоследот и единствената постапка за преземање мерки ги пропишува Народната банка на Македонија.

Член 51

При вршењето контрола во смисла на член 50 од овој закон, Народната банка на Македонија има право на увид во деловните книги и во другата документација на банките, другите финансиски организации и крајните корисници на средствата добиени според основите од членовите 14 и 23 на овој закон.

Банките и другите финансиски организации се должни по барање на Народната банка на Македонија да ги доставаат потребните податоци за вршење на контролата од член 50 на овој закон.

Народната банка на Македонија ја врши контролата од член 50 на овој закон и со преглед на извештаите и на другата документација што ги добива од банките и другите финансиски организации, како и со преглед на податоците и на другата документација со кои располага, а која се однесува на примената на прописите од страна на банките и на другите финансиски организации.

Член 52

Мерките од став 2 на член 50 на овој закон што се преземаат спрема банката, односно спрема другата финансиска организација се:

1) запирање на купувањето на хартии од вредност од член 13 и кредитирањето од членовите 14 и 23 на овој закон во траење од 10 до 30 дена;

2) ограничување на порастот на пласманите во траење од 30 до 60 дена;

3) запирање на плаќањата во странство, освен плаќањата по пристигнати странски кредити и конвенциски обврски, во траење од 10 до 60 дена;

4) ограничување на задолжувањето во странство во траење од 30 до 60 дена;

5) предлагање до надлежните органи на банката, односно на другата финансиска организација нејзиниот раководен работник да се суспендира, односно да се смени од должноста и

6) други мерки предвидени со закон.

Мерките од овој член и рокот на нивното траење се изрекуваат со решение што го донесува гувернерот на Народната банка на Македонија, а кое е конечно во управната постапка.

Член 53

Ако со мерките преземени спрема банката, односно другата финансиска организација во утврдениот рок, во смисла на член 52 од овој закон не се обезбеди законито работење, Народната банка на Македонија ќе пристапи кон наплата на сите свои побарувања од таа банка, односно друга финансиска организација.

Ако со контролата се утврди дека во работењето на банката или друга финансиска организација постојат дејствија или дела што се казниви според законот, гувернерот на Народната банка на Македонија или лицето кое ќе го овласти ќе поднесе пријава до надлежниот орган.

Член 54

Народната банка на Македонија врши контрола на надворешно-трговското и девизното работење на претпријатијата и на другите домашни лица во границите на

овластувањата утврдени со прописите за надворешнотрговското и девизното работење.

Ако Народната банка на Македонија со контролата од став 1 на овој член утврди дека во работењето на претпријатијата и другите домашни лица постојат дејствија или дела кои се казниви според закон, ќе поднесе пријава до надлежниот орган.

Член 55

За извршените контроли и за преземените мерки Народната банка на Македонија двапати годишно го известува Собранието на Република Македонија.

Член 56

Народната банка на Македонија оценува дали се исполнети условите за основање на банка или дел од банка пропишани со закон и издава дозвола за нивно основање, односно работење.

Народната банка на Македонија, врз основа на оцената за исполнувањето на пропишаните услови, овластува банка за работа со странство.

Народната банка на Македонија го контролира исполнувањето на пропишаните услови за работење и работењето на банката и другата финансиска организација и презема мерки за отстранување на утврдените неправилности.

Член 57

Врз основа на наодот од контролата од член 56 на овој закон, Народната банка на Македонија ѝ предлага на банката, односно на друга финансиска организација да ги спроведе следниве активности:

1) да го зголеми износот на основачкиот фонд, на средствата на резервите и на посебната резерва за обезбедување на ризикот од загуба;

2) да укине определени филијали и претставништва;

3) привремено да го запре кредитирањето на определени основачи, на лица со својство на основачи и на комитенти;

4) да го запре давањето на кредити во определен период;

5) да ги отпише побарувањата кога за тоа ќе се стекнат со закон утврдените услови;

6) да го запре пресметувањето и приписот на камати на активата со определен степен на наплатливост;

7) да смени определени раководни работници и

8) да отстрани и други неправилности со преземање, односно со запирање на определени активности.

Предлозите од став 1 на овој член ѝ се доставуваат на банката, односно на друга финансиска организација во писмена форма со определување на рокот за нивното прифаќање.

Доколку банката, односно друга финансиска организација во рокот од став 2 на овој член не го прифати предлогот од тој став, гувернерот на Народната банка на Македонија донесува решение со кое ги изрекува, како мерка спрема банката, односно спрема друга финансиска организација, активностите наведени во став 1 на овој член. Со ова решение се определува рокот на неговото спроведување.

Решението од став 3 на овој член е конечно.

Член 58

Ако Народната банка на Македонија врз основа на извршената контрола оцени дека продолжувањето на работењето на банката, односно на друга финансиска организација може понатаму да ја влоши нејзината финансиска состојба и да ја загрози можноста за нејзиното финансиско закрепнување, може да донесе решение со кое се запираат сите видови на работење на банката, односно на друга финансиска организација, освен исплатите по штедните влогови и тековните и девизните сметки на граѓаните, во траење од најмногу 15 дена, и определува работник на Народната банка на Македонија со посебни овластувања и одговорности кој ќе го контролира спроведувањето на ова решение.

Со решението од став 1 на овој член се утврдуваат и случаите во кои работникот на Народната банка на Македонија со посебни овластувања и одговорности може да му издава налози на работник на банката, односно на друга финансиска организација.

Член 59

Народната банка на Македонија ги пропишува минимумот на обемот, формата и содржината на програмата за економско-финансиска ревизија и на извештајот за економско-финансиската ревизија за банките и други финансиски организации.

Народната банка на Македонија може од банките и од други финансиски организации да бара да обезбедат и во определен рок да достават извештај за економско-финансиската ревизија на својата завршна сметка и работење.

Ако оцени дека извештајот од став 2 на овој член не е во согласност со определените стандарди на ревизија или со пропишаниот обем, форма и содржина на извештајот за економско-финансиската ревизија за банките и за други финансиски организации, Народната банка на Македонија може од банката, односно од друга финансиска организација да бара да обезбедат и во определен рок да ѝ достави нов извештај, кој ќе го изработи друг овластен ревизор во согласност со законот.

**7. Работи на функционирање и развој на информативниот систем**

Член 60

Во вршењето на работите што се однесуваат на спроведувањето на монетарно-кредитната и девизната политика и спроведувањето на посебните овластувања на Народната банка на Македонија, Народната банка на Македонија, банките и другите финансиски организации евидентираат, прибираат, обработуваат и искажуваат податоци и информации што се однесуваат на:

1) монетарните и кредитните движења и

2) економските односи со странство.

Банките и другите финансиски организации ги доставуваат податоците од став 1 на овој член според упатството што го пропишува Народната банка на Македонија.

Член 61

Заради усогласување на развојот и ефикасно функционирање на информативниот систем, Народната банка на Македонија донесува прописи со кои се обезбедува:

1) единствена методологија и рокови за евидентирање, прибирање, обработка, искажување и пренос на податоците и информациите и

2) заштита на податоците прибрани преку информативниот систем на Народната банка на Македонија.

Член 62

Начинот и обемот на евидентирање, прибирање, обработка, искажување и пренесување на податоците и информациите од интерес на субјектите на системот на информирање ги пропишува Народната банка на Македонија во согласност со закон.

**8. Други работи на Народната Банка на Македонија**

Член 63

Народната банка на Македонија може да купува и да продава злато и други благородни метали.

Народната банка на Македонија може да извезува и изнесува монетарно злато во странство и да увезува и внесува монетарно злато од странство во кована и во непреработена форма.

Член 64

Народната банка на Македонија ги врши од името и за сметка на Републиката сите работи во врска со земањето и отплатувањето на заеми на Републиката во странство, ако за одделни заеми со пропис, односно со договорот за заем не е поинаку определено.

Член 65

Народната банка на Македонија утврдува единствена тарифа според која се наплатува надомест за услугите што ги врши таа.

## III. ОРГАНИ НА НАРОДНАТА БАНКА НА МАКЕДОНИЈА

Член 66

Органи на Народната банка на Македонија се Советот на Народната банка на Македонија и гувернерот на Народната банка на Македонија.

Член 67

Советот на Народната банка на Македонија го сочинуваат гувернерот на Народната банка на Македонија и осум члена од редот на стручни и научни работници. Член на Советот на Народната банка на Македонија не може да биде претставник на банка или друга финансиска организација.

Претседател на Советот на Народната банка на Македонија е гувернерот на Народната банка на Македонија.

Членовите на Советот на Народната банка на Македонија ги избира Собранието на Република Македонија, за период од седум години.

За член на Советот на Народната банка на Македонија еден ист член не може да биде избран два пати едноподруго.

Советот на Народната банка на Македонија и секој негов член се одговорни пред Собранието на Република Македонија за остварување на функциите и задачите на Народната банка на Македонија утврдени со овој и со други закони.

Член 68

Советот на Народната банка на Македонија одлучува за работите од својот делокруг на седници.

Одлуките на Советот на Народната банка на Македонија се објавуваат во „Службен весник на Република Македонија".

Член 69

Советот на Народната банка на Македонија донесува Деловник за својата работа.

Член 70

Во управувањето со работите на Народната банка на Македонија што се однесуваат на предлагањето и спроведувањето на монетарниот, кредитниот и девизниот систем и монетарната и кредитната и девизната политика, Советот на Народната банка на Македонија одлучува за:

1) утврдување на методологијата на монетарното планирање;

2) донесување на финансиски план и завршна сметка на Народната банка на Македонија;

3) донесување на Статутот на Народната банка на Македонија;

4) утврдување на Проекцијата за монетарно-кредитните движења;

5) утврдување на мерки за спроведување на монетарно-кредитната и девизната политика;

6) утврдување на основите и висината на задолжителната резерва на банките и на другите финансиски организации и утврдување на начинот, условите и роковите за пресметување и издвојување на задолжителна резерва;

7) утврдување на начинот, условите на користење на задолжителната резерва за одржување на девизната ликвидност, како и на надоместоци за помалку издвоена задолжителна резерва;

8) издавање на благајнички записи на Народната банка на Македонија;

9) утврдување на висината, роковите за користење и враќање и другите услови за давање краткорочни кредити на банките;

10) утврдување на износот и условите за купување на краткорочни хартии од вредност на меѓубанкарскиот пазар на пари и краткорочни хартии од вредност;

11) утврдување на каматните стапки на Народната банка на Македонија;

12) ограничување на обемот и на динамиката на растежот на пласманите на банките и на другите финансиски организации;

13) пропишување на обврските на банките и на другите финансиски организации во поглед на одржувањето на минималната ликвидност, одржувањето на структурата на пласманите според роковите на пристигнатост во определени рамки и усогласување на роковите на пласманите со структурата на изворите на средства според нивната рочност;

14) утврдување на банките и за другите финансиски организации на рамки за давање авали на хартии од вредност, за издавање гаранции и за издавање сопствени хартии од вредност;

15) утврдување на настанувањето на обврската на Народната банка на Македонија врз основа на гаранција за штедните влогови и тековните сметки на граѓаните во домашна валута кај банките и кај другите финансиски организации, начинот на нејзиното извршување и условите за користење и враќање на заемите врз оваа основа;

16) утврдување на обврската на банките и на другите финансиски организации да држат посебна резерва заради обезбедување ликвидност на плаќањата по штедните влогови на граѓаните во домашна валута и на обврската за осигурување на овие влогови кај осигурителните организации;

17) пропишување на минималните услови на кредитната способност што мораат да ги исполнуваат банките и другите финансиски организации;

18) пропишување на обврските на овластените банки да држат определен износ во девизи или во други девизни ликвидни пласмани, како минимална резерва за одржување на ликвидност во плаќањата спрема странство;

19) издавање на нови апоени на книжни и ковани пари, утврдување на основните обележја на новите книжни и ковани пари, заокружување на крајните пресметки во готовинскиот и безготовинскиот платен промет и пуштање во оптек и повлекување од оптек на книжни и ковани пари;

20) донесување на прописи за функционирањето и развојот на информативниот систем на Народната банка на Македонија;

21) начинот и условите за купување и продажба на злато во странство и други благородни метали во Републиката и во странство и за извоз и изнесување на монетарно злато;

22) одобрување на кредити за потребите на Републиката и условите за нивно враќање;

23) утврдување на единствена тарифа според која се наплатуваат надоместоците за услугите што ги врши Народната банка на Македонија;

24) пропишување на поблиските услови и начинот на вршење контрола, видот, роковите, редоследот и постапката за преземање на мерки спрема банките и другите финансиски организации;

25) издавање и повлекување на дозвола за основање на банката;

26) можноста и финансиската оправданост за санација на банката;

27) приговорот на банката против решението за поведување постапка за утврдување на условите за отворање постапка на стечај над банката;

28) пропишувањето на минимумот на обемот, формата и содржината на програмата за економско-финансиска ревизија и на извештајот за економско-финансиска ревизија за банките и за другите финансиски организации;

29) други прашања и донесување на прописите што со закон и се ставени на надлежност на Народната банка на Македонија, освен ако за нивното донесување е овластен гувернерот на Народната банка на Македонија;

30) извештаи за спроведувањето на монетарно-кредитната и девизната политика;

31) кои пласмани на банките и на другите финансиски организации се сметаат за ризични и степенот на ризичноста на тие пласмани и

32) извештаи за извршените контроли и за преземените мерки.

Член 71

Во управувањето со работите на Народната банка на Македонија што се однесуваат на спроведувањето на монетарно-кредитната и девизната политика, Советот на Народната банка на Македонија одлучува со мнозинство гласови на сите членови на Собранието на Народната банка на Македонија, ако со овој закон не е поинаку определено.

Советот на Народната банка на Македонија одлучува со двотретинско мнозинство од вкупниот број на сите членови за прашањата од точките: 1, 2, 4, 5, 7, 12 и 13 на член 70 од овој закон.

Ако Советот на Народната банка на Македонија во одлучувањето од ставовите 1 и 2 на овој член не постигне потребна согласност, а гувернерот на Народната банка на Македонија оцени дека поради недонесувањето на одлука можат да настанат значителни растројства во стопанството и на пазарот, во остварувањето на задачите на монетарно-кредитната и девизната политика или значителна штета за Републиката, за тоа му доставува извештај на Собранието на Република Македонија со поединечни мислења на членовите на Советот на Народната банка на Македонија и ја донесува одлуката за која не е постигната согласност.

Собранието на Република Македонија донесува конечна одлука за спорните прашања од став 3 на овој член.

Член 72

Гувернерот на Народната банка на Македонија е овластен да донесува упатства за единствена примена на прописите и одлуките на Советот на Народната банка на Македонија донесени врз основа на член 70 од овој закон.

Член 73

Гувернерот на Народната банка на Македонија раководи и ја организира работата на Народната банка на Македонија.

Член 74

Гувернерот на Народната банка на Македонија ја претставува Народната банка на Македонија.

Гувернерот на Народната банка на Македонија донесува одлуки и други општи акти од областа на работењето на Народната банка на Македонија што со овој закон се ставени во надлежност на Советот на Народната банка на Македонија и за донесените одлуки и други општи акти го известува Советот на Народната банка на Македонија на првата наредна седница.

Член 75

Ако гувернерот на Народната банка на Македонија во рок од два работни дена од донесувањето на одлуката го запре извршувањето на одлуката и општиот акт на Советот на Народната банка на Македонија е должен за тоа да го извести Собранието на Република Македонија.

Член 76

Гувернерот на Народната банка на Македонија го именува и разрешува Собранието на Република Македонија на предлог на претседателот на Република Македонија за период од седум години, со право на уште еден избор.

Член 77

Гувернерот на Народната банка на Македонија за својата работа е одговорен на Собранието на Република Македонија.

Член 78

Во Народната банка на Македонија се именува заменик на гувернерот и еден или повеќе вице-гувернери.

Со Статутот на Народната банка на Македонија се определува кои работи од својот делокруг гувернерот може да ги пренесе на заменикот на гувернерот и на вице-гувернерите.

Заменикот на гувернерот на предлог на гувернерот го именува Собранието на Република Македонија, за период од седум години, со право на уште еден избор.

Вице-гувернерот на предлог на гувернерот го именува Собранието на Република Македонија за период од четири години, со право на уште еден избор.

## IV. ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАРОДНАТА БАНКА НА МАКЕДОНИЈА

Член 79

Народната банка на Македонија има својство на правно лице.

Седиштето на Народната банка на Македонија е во Скопје.

Член 80

Народната банка на Македонија може да биде член и да учествува во меѓународни финансиски организации. Ако за оваа цел се користат средства од Републичкиот буџет потребна е согласност од Собранието на Република Македонија.

Член 81

Народната банка на Македонија има Статут.

Со Статутот се утврдува организацијата и работењето на Народната банка на Македонија.

Статутот на Народната банка на Македонија го донесува Советот на Народната банка на Македонија, а го потврдува Собранието на Република Македонија.

Член 82

Печатот на Народната банка на Македонија го содржи називот на банката на македонски јазик и грбот на Република Македонија.

Член 83

Со Статутот на Народната банка на Македонија се утврдуваат работите и задачите што ги вршат работниците со посебни овластувања и одговорности-раководните работници, постапката и времето на кое се избираат тие работници.

Одлуката за избор на работниците од став 1 на овој член ја донесува Советот на Народната банка на Македонија на предлог од гувернерот на Народната банка на Македонија.

Со Статутот на Народната банка на Македонија може да се утврди за изборот на работници за вршење и на други работи и задачи, одлука да донесува Советот на Народната банка на Македонија на предлог од гувернерот на Народната банка на Македонија.

Член 84

Правата, обврските и одговорностите на работниците во Народната банка на Македонија се уредуваат согласно со одредбите на Законот за органите на управата.

Начинот на соодветната примена на одредбите на законот од став 1 на овој член го утврдува Советот на Народната банка на Македонија.

## V. ПРИХОДИ, РАСХОДИ И ФОНДОВИ НА НАРОДНАТА БАНКА НА МАКЕДОНИЈА

Член 85

Народната банка на Македонија остварува приходи од:

1) каматите и другите приходи на средствата депонирани во странство;

2) надомест на паричните средства на Републиката;

3) каматите на кредитите што непосредно ги дава;

4) остатокот од реализираните позитивни курсни разлики, по покривањето на реализираните негативни курсни разлики;

5) надоместоците за вршење услуги;

6) купување и продавање на хартии од вредност;

7) каматите на кредитите и другите пласмани од примарната емисија што им се даваат на банки и на другите корисници и надоместок за средствата отстапени на претпријатија на трајно користење;

8) приходите по посебни закони и

9) другите приходи што ги остварува со своето работење.

Член 86

Од приходите што ќе ги оствари Народната банка на Македонија според одредбите на член 85 од овој закон се намируваат:

1) каматите и другите трошоци по странските кредити;

2) каматите на средствата во депозит кај Народната банка на Македонија;

3) каматите и другите трошоци по хартиите од вредност;

4) трошоците по девизно-валутните работи;

5) непокриените реализирани негативни курсни разлики, по извршеното покритие од реализираните позитивни курсни разлики;

6) расходите по посебните закони;

7) трошоците за изработка на книжни и ковани пари и нивната испорака до седиштето на институцијата што го врши платниот промет;

8) материјалните трошоци и трошоците за амортизација и

9)другите трошоци што Народната банка на Македонија ги има во своето работење.

Од приходите што ги остварува Народната банка на Македонија според одредбите од член 85 на овој закон се обезбедуваат средства за:

1) Фондот на основни средства;

2) Фондот на посебна резерва и

3) лични доходи, заедничка потрошувачка и материјални трошоци за функциите на Народната банка на Македонија.

Член 87

Остатокот на реализираните позитивни курсни разлики од точка 4 на член 85 од овој закон, се пренесува во Фондот на посебна резерва на Народната банка на Македонија на посебна сметка и може да се користи само за покритие на непокриените реализирани негативни курсни разлики.

Расходите од точка 6 на член 86 од овој закон се извршуваат во висина на остварените приходи од точка 7 на член 85 од овој закон.

Член 88

Трошоците на Народната банка на Македонија што настануваат во вршењето работи за сметка на Републиката се покриваат од Републичкиот буџет.

Член 89

Финансискиот план и завршната сметка на Народната банка на Македонија ги донесува Советот на Народната банка на Македонија, а ги потврдува Собранието на Република Македонија.

Советот на Народната банка на Македонија е должен до 28 февруари секоја година да ја донесе завршната сметка за претходната година и финансискиот план за тековната година.

До донесувањето на финансискиот план на Народната банка на Македонија, Советот на Народната банка на Македонија донесува одлука за привремено финансирање на Народната банка на Македонија.

Член 90

Вишокот на приходите над расходите на Народната банка на Македонија по примената на одредбите од став 2 на член 86 и од став 1 на член 87 од овој закон, претставува приход на Републичкиот буџет ако со закон не е поинаку определено.

Вишокот на расходите над приходите на Народната банка на Македонија се покрива од Фондот на посебна резерва на Народната банка на Македонија, а ако средствата на Фондот не се доволни, вишокот на расходите се покрива од средствата на Републичкиот буџет.

Член 91

За прибавување предмети и права што претставуваат основни средства на Народната банка на Македонија се формира фонд на основни средства.

Средствата за фондот на основни средства се предвидуваат со финансискиот план на Народната банка на Македонија, а се утврдуваат со завршната сметка на Народната банка на Македонија.

Член 92

За покритие на ризиците настанати во работењето на Народната банка на Македонија се формира фонд на посебна резерва.

Средствата за фондот на посебна резерва се издвојуваат од приходите во износот што ќе го определи Советот на Народната банка на Македонија со одлука или при утврдувањето на расходите од точка 2 став 2 на член 86 од овој закон.

Одлука за употребата на средствата на Фондот на посебна резерва донесува Советот на Народната банка на Македонија.

Член 93

Одлука за намените и за висината на издвојувањето на средствата за потребите од став 2 на член 86 од овој закон донесува Советот на Народната банка на Македонија до датумот предвиден за поднесување на завршната сметка до институцијата што го врши платниот промет.

## VI. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 94

Со парична казна од 200.000 до 400.000 денари ќе се казни за стопански престап банката или друга финансиска организација:

1) ако при давањето авали, издавањето гаранции и издавањето на сопствени хартии од вредност не се придржува кон пропишаните рамки (точка 4 став 1 од член 18);

2) ако ликвидните средства не ги одржува во определен обем или структура што ќе ги пропише Народната банка на Македонија (член 19);

3) ако не се придржува кон мерките што ги донесува Народната банка на Македонија во согласност со овој закон (членовите 9, 18, 22 и 31);

4) ако не ги извршува налозите на Народната банка на Македонија од член 57 на овој закон и

5) ако по барање на Народната банка на Македонија не обезбедат во определениот рок извештај за економско-финансиската ревизија на својата завршна сметка и на своето работење (член 59).

За дејствата од став 1 на овој член ќе се казни за стопански престап и одговорното лице во банката или во друга финансиска организација со парична казна од 2.500 до 25.000 денари.

Член 95

Со парична казна од 2.500 до 25.000 денари ќе се казни за стопански престап одговорното лице во Народната банка на Македонија:

1) ако преку банка, односно друга финансиска организација купи преносливи краткорочни хартии од вредност или ако на банката или на друга финансиска организација ѝ одобри кредит иако, врз основа на податоците со кои располага, произлегува дека не се исполнети минималните општи услови за кредитната способност предвидени со овој закон (ставовите 1 и 2 на член 24) и

2) ако не се врши контрола или не презема мерки од својата надлежност (став 2 на членовите 50, 52, 56 и 57).

Член 96

Со парична казна од 1.000 до 2.500 денари ќе се казни за прекршок работникот на банката, односно на друга финансиска организација кој не ќе го изврши налогот на работник на Народната банка на Македонија (член 58 став 2).

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 97

Народната банка на Македонија е правен следбеник на досегашната Народна банка на Македонија и ги презема во целост нејзините права и обврски.

Член 98

Народната банка на Македонија ќе ја усогласи својата организација, општите акти и работењето со одредбите на овој закон во рок од шест месеци од денот на неговото влегување во сила.

Член 99

Гувернерот, заменикот на гувернерите и вицегувернерите што се назначени од Собранието на Република Македонија до денот на влегувањето во сила на овој закон, остануваат на должност до истекот на рокот за кој се назначени.

Член 100

До изборот на Советот на Народната банка на Македонија функциите на Советот на Народната банка на Македонија ги врши гувернерот на Народната банка на Македонија.

Советот на Народната банка на Македонија ќе се избере во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 101

Со донесувањето на овој закон престанува да важи Законот за Народната банка на Македонија („Службен весник на СРМ“ број 43/89), а Законот за народната банка на Југославија и за единственото монетарно работење на народните банки на републиките и народните банки на автономните покраини („Службен лист на СФРЈ“ број 34/89, 88/89 и 61/90) престанува да се применува на територијата на Република Македонија.

Член 102

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

**469.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПАРИЧНАТА ЕДИНИЦА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за паричната единица на Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата, одржана на 26 април 1992 година.

Бр. 08–1783/1
26 април 1992 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ПАРИЧНАТА ЕДИНИЦА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Парична единица на Република Македонија е денар. Денарот се дели на 100 дени.

Член 2

Книжните пари и кованите пари кои гласат на денар се единствено законско средство за плаќање на територијата на Република Македонија.

Во платниот промет се употребува скратениот назив на паричната единица на Република Македонија: ДЕН.

Член 3

Сите права и обврски по работи кои гласат на пари, а се склучени на територијата на Република Македонија, како и сите вредности и износи, се искажуваат во износи кои гласат на денари.

Член 4

Курсевите на странските валути на денот на влегувањето во сила на овој закон ќе ги утврди Народната банка на Република Македонија.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

**470.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПОТРЕБА НА ПАРИЧНАТА ЕДИНИЦА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за употреба на паричната единица на Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата, одржана на 26 април 1992 година.

Број 08-1784/1
26 април 1992 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров,** с. р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с. р.

## ЗАКОН
## ЗА УПОТРЕБА НА ПАРИЧНАТА ЕДИНИЦА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

До издавањето на книжни и ковани пари согласно со членот 1 од Законот за парична единица на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 26/92), како законско средство за плаќање на територијата на Република Македонија ќе се употребуваат вредносни бонови што ги издава Народната банка на Република Македонија (во натамошниот текст: Народна банка на Македонија).

Член 2

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, Народната банка на Македонија ја утврдува апоенската структура на вредносните бонови, нивната форма и основни белези, ги пушта во оптек вредносните бонови и ги повлекува од оптек книжните пари кои гласат на југословенски динари.

Член 3

Книжните пари што гласат на југословенски динари се заменуваат со вредносните бонови во соодност 1:1, а замената ќе се изврши во рок од три дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Книжните пари што гласат на југословенски динари престануваат да бидат законско средство за плаќање на територијата на Република Македонија по истекот на 20,00 часот на третиот ден од став 1 на овој член.

По истекот на рокот од ставот 1 на овој член замената на книжните пари што гласат на југословенски динари за вредносни бонови ќе се врши според курсот што го утврдува Народната банка на Македонија.

Член 4

Народната банка на Македонија во рок од една година од влегувањето во сила на овој закон донесува одлука за повлекување од оптек на кованите пари што гласат на југословенски динари.

До донесувањето на одлуката од ставот 1 на овој член кованите пари што гласат на југословенски динари во апоени 1, 2 и 5 динари се во оптек како законско средство за плаќање на територијата на Република Македонија.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на овој закон цените на сите производи и услуги се искажуваат во износи кои гласат на денари.

Член 6

Поштенските марки, судските и административните таксени марки и други вредносници, чековите, налозите за плаќање и другите инструменти на внатрешниот платен промет кои биле во промет до денот на влегувањето во сила на овој закон, остануваат во употреба сè додека не се издадат нови, при што нивната вредност изразена во југословенски динари е еднаква на вредноста изразена во паричната единица на Република Македонија.

Член 7

Износите наведени во прописите и општите акти, судските и управните акти, на обврзниците и другите хартии од вредност, мениците, во договорите и другите документи и извештаи, во пресметките и евиденциите, издадени или настанати до денот на влегувањето во сила на овој закон, се сметаат како да се наведени во износите кои гласат во денари.

Член 8

Сите документи за побарувањата и обврските на домашните и странските лица, настанати по основ на стоковно-паричните, кредитните и депозитните односи кои гласат на југословенски динари, по истекот на рокот од член 3 став 2 на овој закон се искажуваат во износи кои гласат во денари.

Член 9

Со денот на влегувањето во сила на овој закон правните и физичките лица можат да располагаат со средствата на своите жиро-сметки до нивото на тие средства што ги имале на 31 март 1992 година.

За износот на средствата на жиро-сметките над износот што го имале на 31 март 1992 година правните и физичките лица поднесуваат извештај до Службата на општественото книговодство за потеклото на жиралните пари.

Во рок од три дена по добивањето на извештајот од ставот 2 на овој член Службата на општественото

книговодство донесува решение за користење на средствата или блокада на истите ако постои оправдано сомнение дека потеклото на средствата на жиро-сметката е сомнително и покренува соодветна постапка.

Член 10

Во периодот на замената од член 3 став 1 на овој закон, продавниците, магацините, складиштата, претставништвата и други организации и претпријатија кои вршат трговска дејност на големо и мало нема да работат со странки, односно потрошувачи, освен трговијата на мало со прехранбени производи, тутун и со нафтени деривати.

Член 11

Народната банка на Македонија донесува упатство за спроведување на овој закон.

Член 12

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

**471.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧКАТА ЗА ОПШТИТЕ ОПШТЕСТВЕНИ И ЗАЕДНИЧКИ ПОТРЕБИ ВО 1992 ГОДИНА

Се прогласува Законот за ограничување на потрошувачката за општите општествени и заеднички потреби во 1992 година,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата, одржана на 26 април 1992 година.

Број 08-1785/1
26 април 1992 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија
**Киро Глигоров** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија
**Стојан Андов,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧКАТА ЗА ОПШТИТЕ ОПШТЕСТВЕНИ И ЗАЕДНИЧКИ ПОТРЕБИ ВО 1992 ГОДИНА

Член 1

Со овој закон се ограничува потрошувачката на општите општествени и на заедничките потреби во 1992 година до 35% од износот на планираниот општествен производ во Републиката.

Член 2

Врз основа на одредбите од членот 1 на овој закон потрошувачката за општи општествени и заеднички потреби во Републиката за 1992 година може да изнесува најмногу до 275.900.000.000 денари од кои

| | |
|---|---|
| – Републички буџет | 161.940.000.000 денари |
| – Општински буџети | 2.120.000.000 денари |
| – Фонд за пензиско и инвалидско осигурување | 75.310.000.000 денари |
| – Фонд за здравствено осигурување | 33.880.000.000 денари |
| – Завод за вработување | 2.650.000.000 денари |

Распределбата на вкупно дозволената потрошувачка на општинските буџети по одделни општини дадена е во прегледот, кој е составен дел на овој закон.

Член 3

Износите на потрошувачката утврдени со член 2 на овој закон може да се остваруваат со следнава динамика:

– јануари - јуни 55% од утврдените износи;
– јануари - септември 75% од утврдените износи и
– јануари-декември 100% од утврдените износи.

Член 4

Доколку приходите наменети за оваа потрошувачка се остварат во поголем износ од износот на дозволената потрошувачка утврдена за периодот јануари - јуни, јануари-септември и јануари-декември, повеќе остварените приходи на Републичкиот буџет и општинските буџети се издвојуваат на посебна републичка сметка, а на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, Фондот за здравствено осигурување и на Заводот за вработување се издвојуваат на посебни сметки.

Ако износите на остварените приходи бидат поголеми најмалку од 25% од износите на вкупната дозволена потрошувачка ќе се предложи соодветно намалување на стапката на данокот од личен доход, односно придонесот од личен доход.

За вредноста на повеќе остварените приходи од став 1 на овој член ќе се намали данокот од личен доход, односно придонесот од личен доход првиот месец во наредното тримесечје.

Член 5

Контрола на спроведувањето на овој закон врши Службата на општественото книговодство на Република Македонија.

Член 6

Министерот за финансии по потреба ќе донесе поблиски прописи за спроведување на овој закон.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

**472.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОВЕДУВАЊЕ ОБВРСКА ЗА ПЛАЌАЊЕ ПРИ ПАТУВАЊЕ ВО СТРАНСТВО

Се прогласува Законот за воведување обврска за плаќање при патување во странство,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата, одржана на 26 април 1992 година.

Број 08-1786/1
26 април 1992 година
Скопје

Претседател на Република
Македонија,
**Киро Глигоров,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов,** с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ВОВЕДУВАЊЕ ОБВРСКА ЗА ПЛАЌАЊЕ ПРИ ПАТУВАЊЕ ВО СТРАНСТВО

Член 1

Со овој закон се воведува обврска за плаќање за граѓаните на Република Македонија при патување во странство, во висина од 30 ДЕМ или противвредност на овој износ во друга странска конвертибилна валута, за секое лице со наполнети 18 години.

Обврската од став 1 на овој член се плаќа при секое излегување од Република Македонија.

Член 2

Средствата од член 1 на овој закон се уплатуваат на посебна сметка кај Стопанската банка А.Д. - Скопје или Комерцијална банка А.Д. - Скопје, за што граѓанинот добива соодветна потврда.

Граѓанинот кој нема уплатено средства кај банките од став 1 на овој член може обврската да ја намирува кај Царинските служби на граничните премини и аеродромите.

Член 3

Обврската од член 1 на овој закон не се однесува на:

1) граѓаните кои се наоѓаат на привремена работа во странство и членовите на нивното потесно семејство (брачен другар, деца и родители) кои со нив живеат во местото на привремениот престој во странство;

2) граѓаните вработени во домашни претпријатија и други правни лица, односно во државните органи, а се упатени на работа во странство;

3) граѓаните кои се непосредни извршители во меѓународниот сообраќај, како и водачите на туристичките агенции при водењето на туристи во странство во организирани аранжмани;

4) граѓаните кои одат на лекување во странство, по упат и одобрение од надлежните здравствени институции и лицата кои ги придружуваат врз основа на решение на тие институции;

5) граѓаните - двосопственици на имот кога ја преминуваат границата заради остварување на своите права во врска со тие имоти:

6) учениците и студентите кои се наоѓаат на редовно школување во странство;

7) граѓаните кои примаат пензија и инвалиднини во странство;

8) државните делегации и

9) патувањата во Република Србија, Република Црна Гора, Република Словенија, Република Босна и Херцеговина и Република Хрватска.

Член 4

Средствата од член 1 на овој закон претставуваат девизни резерви на Републиката.

Член 5

Министерот за финансии и банките од член 2 став 1 на овој закон склучуваат договор со кој се утврдуваат манипулативните трошоци на банката.

Член 6

Без презентирана потврда за уплатената обврска според овој закон, граѓанинот не може да ја напушти територијата на Република Македонија.

Член 7

Министерот за финансии, по потреба, донесува упатство за спроведување на овој закон.

Член 8

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

**473.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ДЕЛ ОД ОБВРСКИ ПО ОДДЕЛНИ КРЕДИТИ НА СТОПАНСКА БАНКА А.Д. - СКОПЈЕ И ЈУГОБАНКА - ЈУБАНКА - А.Д. - СКОПЈЕ

Се прогласува Законот за преземање на дел од обврски по одделни кредити на Стопанската банка А.Д. - Скопје и Југобанка - Јубанка - А.Д. - Скопје,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата, одржана на 26 април 1992 година.

Број 08-1787/1
26 април 1992 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ДЕЛ ОД ОБВРСКИ ПО ОДДЕЛНИ КРЕДИТИ НА СТОПАНСКА БАНКА А.Д. - СКОПЈЕ И ЈУГОБАНКА - ЈУБАНКА А.Д. - СКОПЈЕ

Член 1

Република Македонија презема дел од обврските по одделни кредити на Стопанска банка А.Д. - Скопје и Југобанка - Јубанка А.Д. - Скопје, и тоа:

А) Стопанска банка А.Д. - Скопје за:

1) изградба на Проектот „ФЕНИ" - Кавадарци:

- Пристигнати а ненаплатени побарувања со состојба на 31 декември 1991 година, во износ од 2.226.132 илјади денари и

- остаток на долг по странски кредити од 1992 година до крајот на отплатниот период, во износ од 263.663.000 САД долари;

2) изградба на ХМС „Стрежево" - Битола"

- пристигнати, а ненаплатени побарувања со состојба на 31 декември 1991 година, во износ од 359.429 илјади денари, и

- остаток на долг по странски кредити од 1992 година до крајот на отплатниот период, во износ од 29.130.000 САД долари;

3) користење на кредити од заемот на Меѓународната банка за обнова и развој за извршување на општојугословенскиот земјоделски проект:

- пристигнати, а ненаплатени побарувања со состојба на 31 декември 1991 година, во износ од 228.707 илјади денари и

- остаток на долг од 1992 година до крајот на отплатниот период, во износ од 6.918.000 САД долари;

4) побарувања од водостопански организации:

- пристигнати а ненаплатени побарувања, со состојба на 31 декември 1991 година, во износ од 59.822 илјади денари;

– остаток на долг по странски кредити од 1992 година до крајот на отплатниот период, во износ од 6.908.000 САД долари и

– остаток на долг по домашни кредити од 1992 година до крајот на отплатниот период, во износ од 163.514 илјади денари;

5) пристигнати а ненаплатени обврски на организациите од примарното земјоделство:

– пристигнати а ненаплатени побарувања со состојба на 31 декември 1991 година, во износ од 610.584 илјади денари;

– остаток на долг по странски кредити од 1992 година до крајот на отплатниот период, во износ од 61.949.000 САД долари и

– остаток на долг по домашни кредити од 1992 година до крајот на отплатниот период, во износ од 7.520.498 илјади денари.

Б) Југобанка Јубанка А.Д. – Скопје

1) изградба на проектот „ФЕНИ“ – Кавадарци:

– пристигнати, а ненаплатени побарувања со состојба на 31 декември 1991 година, со износ од 1.974.838 илјади денари и

– остаток на долг по странски кредити од 1992 година до крајот на отплатниот период, во износ од 39.204.000 САД долари.

Член 2

Преземениот дел од обврските за отплата на долгот по кредитите од член 1 точка А потточки 3 и 5 се отпишува.

Член 3

Преземениот дел од обврските за отплата на долгот по странските кредити се конвертира во домашна валута, почнувајќи од 1992 година и за тој дел, како и за преземениот дел од обврската за отплата на долгот по домашните кредити, освен обврските на член 2 од овој закон, крајните корисници ќе го враќаат со каматна стапка од 25% годишно и со рок на отплата од 30 години за проектот „ФЕНИ“ – Кавадарци и за водостопанските организации и 20 години за ХМС „Стрежево“ – Битола.

Член 4

Приходите од ануитетите по кредитите од член 3 на овој закон се приход на Републиката.

Член 5

Сервисирањето на кредитите од член 3 на овој закон го вршат Стопанска банка А.Д. – Скопје и Југобанка Јубанка А.Д. – Скопје со пресметување надоместок од 0,2%, за што банките со Републиката склучуваат договор. Во име на Републиката договорот го склучува министерот за финансии.

Член 6

За пристигнатите, а ненаплатени побарувања на банките од член 1 на овој закон, Република Македонија средствата ги обезбедува во Републичкиот буџет во рок од седум години, во годишни износи, почнувајќи од 1 јануари 1993 година.

Член 7

Пренесувањето на годишниот износ на средствата на Стопанска банка А.Д. – Скопје и на Југобанка Јубанка А.Д. – Скопје од член 6 на овој закон, се врши тримесечно, по истекот на секое тримесечје.

Член 8

Се задолжува министерот за финансии да ги преземе сите потребни дејствија во врска со спроведувањето на овој закон.

Член 9

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

**474.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИТЕ И ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ И ДИВИДЕНДИ ВО РЕПУБЛИКАТА

Се прогласува Законот за исплата на платите и други надоместоци и дивиденди во Републиката,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата, одржана на 26 април 1992 година.

Број 08–1788/1
26 април 1992 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИТЕ И ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ И ДИВИДЕНДИ ВО РЕПУБЛИКАТА

Член 1

Со овој закон се уредува исплатата на нето платите и другите надоместоци во правните лица со седиште во Република Македонија.

Член 2

Правното лице што врши дејност распоредена во областа од 01 до 11 и правното лице што врши дејност во областа од 12 до 14 кое е регистрирано како претпријатие ги исплатува нето платите во согласност со општиот акт, колективниот договор и овој закон.

Член 3

Правното лице од член 2 на овој закон ги исплатува нето платите за април 1992 година и натаму најмногу во висина на просечно исплатената нето плата по работник за март 1992 година зголемена за 30 проценти, а за правните лица кои вршат дејност распоредено во областа (земјоделство) и областа (градежништво), зголемена за 35 проценти.

Правното лице од став 1 на овој член кое не извршило исплата на нето платите за март 1992 година заклучно со 25 април 1992 година, нето платите на работниците може да ги исплати најмногу до висината на просечно исплатената нето плата по работник кај правното лице за февруари 1992 година зголемена со просечната стапка на пораст на платите во стопанството на Републиката за март 1992 година во однос на февруари 1992 година и зголемена за 30%.

Правното лице од став 1 на овој член што не извршило исплата на нето платите за февруари 1992 година или претходните месеци, нето платите на работниците може да ги исплати најмногу до висина на просечно исплатената нето плата по работник кај правното лице за месецот за кој е извршена последна исплата, зголемена со просечната стапка на пораст на платите во стопанството на Републиката за месеците за кои не е извршена исплатата и зголемена за 30%.

Член 4

Правното лице што врши дејност распоредена во гранката 0105 (производство на нафтени деривати), 0604 (воздушен сообраќај), 0609 (ПТТ услуги), 0703 (надворешна трговија), подгрупите 070150 (трговија на мало со нафтени деривати), 070240 (трговија на големо со нафтени деривати), гранките 0802 (туристичко посредување), 1101 (банкарство) и 1102 (осигурување на имоти и лица) и правното лице што врши дејност распоредена во областите од 12 до 14, освен правното лице кое е регистрирано како претпријатие, може да ги исплатува нето платите за месец април 1992 година најмногу во висина на просечно исплатената нето плата по работник во месец март 1992 година зголемена за 25 проценти.

Член 5

Доколку правното лице согласно со членовите 3 и 4 од овој закон утврди пониска нето плата од со закон загарантираната, исплатува во висина на со закон загарантирана нето плата.

Член 6

Правното лице може да врши исплата на надоместоците кои имаат карактер на заедничка потрошувачка и тоа за:

- регрес за годишен одмор најмногу во висина на просечната месечна плата по работник исплатена во стопанството на Републиката за периодот февруари - април 1992 година и

- отпремнина при заминување во пензија најмногу во висина на трикратен износ од просечната месечна плата по работник исплатена во стопанството на Републиката за периодот февруари-април 1992 година.

Член 7

Правното лице може да врши исплата на надоместоци кои имаат карактер на материјални расходи и тоа за:

- исхрана на работниците во текот на работата најмногу во висина од 25% од просечната месечна плата по работник исплатена во стопанството на Републиката за периодот февруари - април 1992 година;

- дневници за службени патувања во Републиката во висина од 8% од просечната месечна плата по работник исплатена во стопанството на Републиката за периодот февруари-април 1992 година;

- дневници за службени патувања во странство во висина на износот утврден со Уредбата која се однесува за органите на управата и

- надоместок на трошоците за користење сопствен автомобил за службени цели во висина до 25% од цената на литар гориво за соодветното возило по поминат километар.

Член 8

Платата на работниците правното лице ја исплатува исклучително во паричен износ, односно чек издаден од банка или пошта.

Се забранува исплата на плати од дневен пазар, како и исплата на плати и други надоместоци во бонови и натура.

Член 9

Се забранува исплата на дивиденда кога сопственичката трансформација на претпријатието не е извршена согласно со Законот за општествениот капитал, и тоа ако:

- издавањето на интерни акции, односно удели заради продажба, односно прибавување на дополнителен капитал е вршено со т.н. втора, трета и повеќе емисии по донесувањето на Одлуката за издавање на интерни акции, односно удели и Одлуката за измена на статусот, односно организирањето на претпријатието од општествена сопственост во мешовита сопственост, односно во приватна сопственост и врз таа основа неколкукратно се користени погодностите на Законот за општествениот капитал;

- е користен попуст над тригодишната плата кога работникот купувал интерни акции согласно со член 1-ѓ од Законот за општествениот капитал;

- отплатата на интерните акции, односно удели е вршена со средства од зголемените аконтации на нето плати, а претпријатието по годишната пресметка искажало загуба во работењето или ако во текот на годината правното лице било инсолвентно непрекинато 60 дена или 60 дена со прекин во изминатите 75 дена;

- интерните акции не се уплатени со пари, односно ако се уплатени со интерните акции според член 4 од Сојузниот закон и

- за отплата на интерните акции претпријатието користело кредит или посредно и непосредно ги кредитирало работниците за откуп на интерни акции.

Член 10

Министерот за труд и социјална политика пропишува начин на утврдување на износот на средствата за плати, составувањето на пресметките и доставување до Службата на општественото книговодство на Република Македонија.

Прописот од став 1 на овој член ќе се донесе во рок од еден ден по влегувањето во сила на овој закон.

Член 11

Со парична казна од 45.000 до 450.000 денари ќе се казни за стопански престап правното лице кое платите и надоместоците ќе ги исплати спротивно на одредбите на овој закон.

За дејството од став 1 на овој член ќе се казни за стопански престап и одговорното лице кај правното лице со парична казна од 2.500 до 25.000 денари.

Член 12

Со влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за исплата на личните доходи и други лични примања во Републиката („Службен весник на СРМ" бр. 2/91).

Член 13

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува до 31 декември 1992 година.

---

**475.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ДЕПОНИРАНИТЕ ДЕВИЗНИ ВЛОГОВИ НА ГРАЃАНИТЕ ОД СТРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за преземање на депонираните девизни влогови на граѓаните од страна на Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата, одржана на 26 април 1992 година.

Број 08-1789/1
26 април 1992 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Киро Глигоров**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

## ЗАКОН
## ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ДЕПОНИРАНИТЕ ДЕВИЗНИ ВЛОГОВИ НА ГРАЃАНИТЕ ОД СТРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со овој закон се преземаат депонираните девизни влогови на граѓаните од страна на Република Македонија.

Под депонирани девизни влогови на граѓаните во смисла на овој закон, се подразбираат:

– девизните штедни влогови и девизни сметки на граѓаните кај банките со седиште на територијата на Република Македонија (во натамошниот текст: банки во Македонија) депонирани кај Народната банка на Југославија и

– девизните штедни влогови и девизните сметки на граѓаните од банките со седиште надвор од територијата на Република Македонија депонирани кај Народната банка на Југославија преку матичните банки со седиште во другите републики кои ќе бидат пренесени кај банките во Македонија во согласност со одредбите на овој закон.

Член 2

Депонираните девизни влогови на граѓаните од член 1 на овој закон освен средствата од член 6 на овој закон со состојба на денот на влегувањето во сила на овој закон заедно со припишана камата, се преземаат од страна на Република Македонија.

Преземените девизни влогови на граѓаните од став 1 на овој член банките ги конвертираат во ДЕМ со примена на курсот на тој ден утврден од страна на Народната банка на Република Македонија (во натамошниот текст: Народна банка на Македонија).

Член 3

Депонираните девизни влогови и девизните сметки на граѓаните кај банките со седиште надвор од територијата на Република Македонија, а кои дејствуваат на територијата на Република Македонија, во рок од 45 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон по барање на граѓанинот, банките ги пренесуваат на една од банките во Македонија.

Член 4

Банките во Македонија се должни да го прифатат преносот на депонираните девизни влогови и девизните сметки на граѓаните од член 3 на овој закон.

Член 5

Побарувањата од Народната банка на Југославија по основ на депонираните девизни влогови на граѓаните и побарувањата од пренесените девизни влогови од банките со седиште надвор од територијата на Република Македонија, банките во Македонија ги отстапуваат на Република Македонија.

Член 6

Банките во Македонија се должни да извршат исплата на товар на своите средства, и тоа:

– во 1992 година исплата на износи од девизна сметка или девизен штеден влог чиј влог е до 100 ДЕМ, во ДЕМ или во денари

– во 1993 година полугодишна исплата на 500 ДЕМ, во ДЕМ или во денари.

За обврските од став 1 на овој член, Република Македонија обезбедува 50% од износот на противвредноста на исплатените средства во денари како кредит. Владата на Република Македонија со посебна одлука ги утврдува условите на кредитот.

Член 7

Преземените обврски од член 2 на овој закон, Република Македонија ги извршува со издавање обврзници на банките во Македонија.

Член 8

Обврзниците се амортизираат во 20 полугодишни рати од кои првата рата пристигнува на 30 јуни 1994 година.

По исклучок од став 1 на овој член, салдата со помали износи за кои не може да се обезбеди амортизација во 20 полугодишни рати, рокот за амортизација се сообразува за помал временски период соодветно на апоенската структура на обврзниците тргнувајќи од најниската апоенска вредност.

Член 9

Обврзницата е преносива, гласи на доносителот и на ДЕМ, со тоа што на денот на исплатата може да се исплатува во ДЕМ и во денари по курс на Народната банка на Македонија на денот на пристигнувањето.

Обврзницата ќе гласи на 100, 500 и 1.000 ДЕМ.

Каматната стапка на обврзниците изнесува 6% годишно, која во ануитетскиот купон се искажува посебно.

Главнината од обврзницата може да се исплатува во ДЕМ и во денари. Каматата се исплатува во денари. Со одлуката за девизната политика за тековната година се определува процентот на исплатата на главнината во ДЕМ и во денари.

Член 10

Обврзниците од член 8 на овој закон, се издаваат на банките во Македонија во висина на побарувањата кои се отстапени на Република Македонија според член 5 на овој закон.

Член 11

Банките примените обврзници им ги врачуваат на своите девизни штедачи и депоненти и истовремено ги поништуваат нивните девизни штедни книшки и девизни сметки.

За износот на девизната сметка или девизниот штеден влог помал од 100 ДЕМ, како и за износите помали од 100 ДЕМ што преостануваат при предавањето на обврзниците банките на граѓаните им издаваат потврда и тие износи банките им ги исплатуваат во денари во рокот на пристигнување на првиот ануитетски купон.

Член 12

Доколку отстапените побарувања на Републиката по основ на депонирано девизно штедење во Народната банка на Југославија кај одделни банки се поголеми од фактичката состојба на девизните штедни влогови со состојба на денот на преземањето или пак побарувањата по овој основ со состојба на денот на преземањето се поголеми од депонираните штедни влогови на денот на влегувањето во сила на овој закон, банките вишокот на обврзниците ќе го користат за отплата на кредитите кај

Народната банка на Македонија по основа на депонирано девизно штедење, за намалено девизно штедење и за дефинитивниот откуп на депонираното девизно штедење за купување на деловен или станбен простор.

Член 13

Прометот на обврзниците издадени според одредбите на овој закон е слободен меѓу домашни и странски лица и на него не се плаќа данок.

Член 14

Средствата за исплата на обврзниците ги обезбедува Република Македонија.

Исплатата на обврзниците за сметка на Републиката, по барање на доносителот на обврзницата, ја вршат банките во Македонија со наплата на провизија од 0,2%.

Член 15

Содржината и формата на обврзниците ги пропишува министерот за финансии, а во име на Републиката ги издава Народната банка на Македонија во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 16

Банките се должни за своите девизни штедачи да обезбедат соодветна апоенска структура на обврзници на износот на салдата што се преземаат и да ги известат граѓаните - штедачи:

- дека девизните штедни влогови се конвертирани во ДЕМ;
- дека девизните сметки и девизните штедни книшки се заменуваат со обврзници и
- за рокот за подигање на обврзниците.

Во случаите кога девизниот штедач не ќе се јави во определениот рок во банката, банката е должна обврзниците да ги чува во трезорот на банката.

Член 17

Република Македонија обезбедува средства на банките за предвремена амортизација на обврзниците во денари, со соодветен дисконт на камата, за граѓаните кои обврзниците ќе ги користат за:

- купување, изградба и откуп на станови,
- изградба и купување на деловен простор,
- набавка на опрема за вршење на производствена и услужна дејност,
- купување на акции и удели на банки и претпријатија и
- формирање на мешовити претпријатија со странски вложувања.

Средствата за предвремена амортизација на обврзниците Републиката ќе ги обезбеди со кредити од Народната банка на Македонија.

Користењето на наменскиот кредит од став 2 на овој член (рок, камата, начин на отплата) се утврдува со Одлуката за кредитно-монетарната политика на Република Македонија, за секоја година одделно.

Кредитот од став 2 на овој член Република Македонија го враќа на товар на средствата од Републичкиот буџет.

Член 18

Народната банка на Македонија ги врши стручните и административните работи во врска со издавањето и дистрибуирањето на обврзниците преку банките, нивното повлекување при отплатата, пренесување на средствата на банките за амортизација на обврзниците и други стручни работи, како и контрола и преземање на мерки за спроведување на Законот.

Член 19

Поблиски прописи за спроведување на овој закон донесува министерот за финансии.

Член 20

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

476.

Врз основа на член 7 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 26/92), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 26 април 1992 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ЦЕЛИТЕ И ЗАДАЧИТЕ НА МОНЕТАРНОКРЕДИТНАТА ПОЛИТИКА ВО 1992 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се утврдуваат целите и задачите на монетарно-кредитната политика во 1992 година, во согласност со целите и задачите на економската политика.

2. Со монетарно-кредитната политика, заедно со соодветните мерки во другите области на економската политика, а особено во областа на фискалната политика и политиката на лична потрошувачка, ќе се влијае врз забавувањето на стапката на растежот на цените на мало, така што тој растеж до крајот на 1992 година да не е поголем од 647%.

3. За остварување на целите на монетарно-кредитната политика од точка 2 на оваа одлука, ќе се води рестриктивна монетарна политика, така што стапката на растежот на паричната маса во 1992 година, што ја сочинуваат депозитните пари и готовите пари во оптек може да изнесува најмногу до 476,8% во однос на состојбата на тие средства на 31 декември 1991 година.

4. Заради остварување на стапката на растежот на паричната маса од точка 3 на оваа одлука, Народната банка на Република Македонија (во натамошниот текст: Народна банка на Македонија) со проекцијата на монетарната политика ќе го утврдува потребниот обем на примарните пари и со примена на инструментите за монетарно регулирање, во согласност со законските овластувања, ќе обезбеди негово остварување.

5. Во рамките на количеството на пари утврдено во точките 3 и 4 од оваа одлука, банките ќе можат да користат кредити за рефинансирање од примарната емисија врз основа на определени хартии од вредност и врз основа на определени исправи за дадените кредити.

Банките ќе можат да ги рефинансираат кај Народната банка на Македонија дадените кредити за следниве намени: за извоз на стоки и услуги во готово, за производство и подготовка на стоки за извоз, за подготовка на туристичката сезона, за производство на одредени земјоделски производи, и тоа: пченица, пченка, маслодајни растенија, шеќерна репка, тутун, оризова арпа и млеко; за резерви на одредени земјоделски производи, и тоа: пченица, пченка, маслодајни растенија и сурово масло, шеќерна репка и шеќер, оризова арпа и ориз, тутун, вино, месо во ладилници, десертно грозје и јаболка и млечни производи; за гоење на добиток и тоа: говеда, свињи, овци, риби и живина (пилиња, гуски, пајки и мисирки); за гоење на расен и приплоден добиток, и тоа: говеда, свиња и овци и за стоковни резерви на одредени земјоделски производи, и тоа: пченица, пченка, шеќер, маслодајни култури и масло за јадење, ориз, тутун, месо и млеко во прав.

Народната банка на Македонија ќе настојува давањето на кредитите од ставовите 1 и 2 на овој член постепено да се врши преку операциите на отворениот пазар.

6. Народната банка на Македонија може да го ограничи порастот на пласманите на банките и на другите финансиски организации само ако целите и задачите утврдени со оваа одлука не можат да се остварат со други мерки за чиешто преземање е овластена Народната банка на Македонија.

7. Народната банка на Македонија ќе ја утврдува есконтната стапка во зависност од монетарните движења и во согласност со понудата и побарувачката на пари и на тој начин ќе обезбеди поголемо влијание врз формирањето на каматните стапки на банките.

8. Каматните стапки на банките ќе се формираат во согласност со понудата и побарувачката на пари и на хартии од вредност.

9. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08-1790/1
26 април 1992 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Стојан Андов** с.р.

---

477.

Врз основа на член 7 од Законот за Народната банка на Република Македонија (Службен весник на Република Македонија" број 26/92), Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 26 април 1992 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДЕВИЗНАТА ПОЛИТИКА И ПРОЕКЦИЈАТА НА ПЛАТНИОТ БИЛАНС НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 1992 ГОДИНА

1. Со девизната политика на Република Македонија во 1992 година, ќе се обезбедат услови за остварување на економските односи со странство и поголемо вклучување во меѓународната трговија. Заради остварување на предвидениот извоз и девизен прилив во влошени внатрешни и надворешни услови, ќе се преземат неопходни мерки и активности во рамките на политиката на курсот на денарот, политиката на враќањето на царини и вонцарински давачки, поттикнување на извозот, политиката на увозот и заштитата на домашното производство и на пазарот, политиката на кредитно-финансиските односи со странство и политиката на девизните резерви на Република Македонија.

Размената со новите држави на југословенскиот простор кои имаат третман на странски држави, ќе се остварува преку постојни меѓудржавни договори и спогодби со кои ќе се уреди начинот на плаќање, ќе се воспостави клириншки начин на плаќање, а со оние републики со кои не ќе се постигне договор за урамнотежена стоковна размена, плаќањето ќе се врши во конвертибилна валута.

2. Во 1992 година Република Македонија ќе води политика на курсот на денарот спрема конвертибилните валути со која ќе обезбеди остварување на проекцијата на платниот биланс на Република Македонија за 1992 година, а посебно стоковната размена и размената на услугите со странство.

Курсот на денарот за пресметковен долар ќе се формира на ниво на американски долар.

3. Политиката на поттикнување на извозот и девизниот прилив во 1992 година ќе се остварува преку:

- политиката на реален курс на денарот;
- враќање на дел од платената царина и увозни давачки;
- поттикнување на извозот на земјоделски и прехранбени производи, формирање на соодветни фондови во Стопанската комора на Македонија и обезбедување фондовски стимулации;
- дополнително поттикнување на остварениот нето девизен прилив;
- обезбедување средства за туристичко-информативна и општа стопанска пропаганда и
- политика на селективна заштита на производството наменето за извоз.

Заради зголемување на конкурентската способност на извозниците на капитални добра на кредит ќе се врши регресирање на дел од каматите, за што ќе се обезбедат средства во Републичкиот буџет.

4. Соработката со земјите на Источна Европа ќе се остварува врз принципите и критериумите на светскиот пазар и со конвертибилен начин на плаќање. Истовремено, со овие земји врз склучени меѓудржавни договори ќе се остварува размена и преку одредени форми на компензациони работи, а по потреба со одделни земји и со клиринг.

До потпишувањето на билатералните договори со земјите со кои Македонија има воспоставено надворешно-трговско работење и други видови на економски трансакции, плаќањето и наплатата со тие земји ќе се врши во согласност со одредбите на договорите склучени меѓу поранешната СФРЈ и соодветната земја.

Со земјите со кои од 1.01.1991 година се премина од клириншки на конвертибилен начин на плаќање, меѓусебните плаќања и наплати по склучените договори за реализација на утврденото дефинитивно салдо со секоја земја, ќе се вршат преку ликвидациона сметка утврдена со меѓудржавниот договор склучен меѓу СФРЈ и соодветната земја, сé до склучувањето на посебен договор меѓу Владата на Република Македонија и владата на соодветната земја.

За остварување на размената со другите републики и со земјите од Источна Европа ќе се настојува да се договорат индикативни стоковни листи за размена, пред сé, за увозот на стратегиски суровини и зголемување на извозот на финални производи.

5. Увозот на стоки ќе се остварува согласно со платно-билансните можности на Република Македонија.

Во извршувањето на надворешно-трговската размена ќе се користат специфичните форми на работење со странство, ќе се издаваат решенија за размена по пат на компензациони работи со селективен пристап и тоа:

- за извоз на стоки чиј пласман на странските пазари е значително отежнат;
- за извоз на стоки на нови пазари;
- за урамнотежување на размената со земји со кои е отежната наплатата;
- за увоз на стоки значајни за извршувањето на процесот на репродукција (суровини, репроматеријали и опрема) и
- за увоз на стоки за широка потрошувачка од витално значење за снабдување на населението.

При издавањето на решенијата за вршење на компензациони работи треба да се запази однос на извозот спрема увозот од 1:0,70. По исклучок, кога извозот се наплаќа со увоз на нафта односот може да изнесува 1:1.

Во случаите кога се пласираат производи на нови странски пазари, а на увозната страна се застапени производи на „бела" техника, акустика, лесни коли и други стоки од висок стандард, увозното претпријатие е должно да обезбеди форма на пласман на истите на домашниот пазар со наплата во ефективни странски пари.

Ќе се либерализира увозот на производи чиишто домашни производители со подигање на цените и со други форми на монополско однесување ја нарушуваат стабилноста на домашниот пазар. Истовремено, ќе се

воведуваат и други заштитни мерки вообичаени во земјите на пазарниот начин на стопанисување.

Доколку настанат диспропорции во остварувањето на платно-билансните движења покрај мерките од член 49 на Законот за надворешно-трговско работење ќе се преземаат и мерки за ограничување на увозот.

6. Странските вложувања во Република Македонија ќе се поттикнуваат со ослободување од плаќање царини и други увозни давачки на увозот на опрема, суровини и репроматеријали ако увезената опрема претставува влог на странското лице или се набавува од средствата на странското лице под услов вложувањето на странецот да изнесува најмалку 20%, а договорот најмалку за 5 години, а ќе се воведат и даночни олеснувања и ослободувања за вложување и реинвестирање во Република Македонија и ако производството е наменето за извоз.

7. Во областа на царинската заштита во 1992 година ќе се води политика на царинско бенефицирање, односно ослободување од плаќање царина и други увозни давачки на увозот на стоката која се вградува во производството на стоките за извоз и на стоките кои се од витален интерес за снабдување на населението.

Од плаќање на царина ќе се ослободува увозот на стоката која не се произведува во Република Македонија, а служи за непосредна заштита на животната средина и природата.

Во 1992 година ќе се овозможи ослободување од плаќање царина, односно снижување на царинската стапка за 50% на увозот на стока по основ на царински контигент и тоа на увозот на стоката за која ќе се утврдуваат царински контигенти.

Во областа на вонцаринската заштита во 1992 година ќе се применуваат увозни давачки по режим, намена и процент.

8. Политиката на кредитните односи со странство ќе се заснова на реалните можности на задолжување и создавање услови за пристап на меѓународниот пазар на капитал и вклучување во меѓународните финансиски институции.

Ќе се преземаат сите потребни активности за обезбедување на рефинансирање на обврските спрема владите (Париски клуб). Банките од Република Македонија се должни нивото на краткорочниот долг да го задржат најмалку на нивото остварено на 31.12.1991 година.

Заради премостување на динамичката неусогласеност меѓу приливот и одливот ќе се користат краткорочни кредитни линии и депозити и над нивото од 31.12.1991 година.

Дефицитот од тековните трансакции со странство ќе се решава со задолжување во странство и користење на финансиските кредити од странство.

9. Ќе се преземаат мерки девизните резерви на Република Македонија до крајот на годината да достигнат 123,8 милиони долари.

Од тоа како постојани девизни резерви се утврдува износ од 100 милиони долари кои ќе се држат на сметка на Народната банка на Република Македонија во странство и ќе се пренесат во наредната година.

Тековните девизни резерви се состојат од девизните средства на сметките на деловните банки, а нивото на истите се утврдува на нивото на минимумот на средствата утврдени за првото тримесечје од 1992 година.

10. Се воведува обврска за издвојување на 30% од остварениот девизен прилив од наплатата на извозот на стоки и услуги, освен за основите опфатени со член 100 од постојниот Закон за девизно работење.

Издвоените девизни средства ќе се користат:

- 40% за пополнување на постојаните девизни резерви на Република Македонија и

- 60% за плаќање на: фиксни и гарантирани обврски спрема странство, увоз на сурова нафта, суровини и репроматеријали за производство на лекови и набавка на готови лекови и плаќање во конвенциски обврски и увоз на странска литература за библиотеките како и плаќање на школарина во странство.

11. Политиката на економските односи со странство тргнува од претпоставката дека општествениот производ во 1992 година ќе се намали за околу 14,0%, а индустриското производство за 15,0%. Во согласност со тоа, се предвидуваат следните квантитативни задачи на платниот биланс во 1992 година:

1) извозот на стоки и услуги ќе се намали за околу 9,4%, а увозот на стоки и услуги за околу 18,2%. При ова извозот на стоки ќе се намалува со стапка од 10,0%, а извозот на услуги ќе се зголемува за 7,5%. Увозот на стоки ќе се намали за 19,0%, а расходите за услуги ќе се зголемат за 19,0%;

2) врз основа на предвидениот извоз и увоз на стоки и услуги, а земајќи ги предвид нето дознаките на работниците од странство и од другите републики продажбата на ефектива на граѓаните и салдото на каматите, во вкупните тековни трансакции со странство се предвидува во 1992 година Република Македонија да оствари дефицит во платниот биланс со странство вклучувајќи ги трансакциите со другите републики, во висина од околу 62 милиони долари, а во девизниот биланс дефицитот е предвиден на ниво од 241 милиони долари;

3) во вкупните трансакции со странство (тековните и кредитно-финансиските трансакции со странство) се предвидува дефицит во платниот биланс во износ од 95 милиони долари, а во девизниот биланс во висина од 274 милиони долари и

4) тргнувајќи од наведените цели и задачи на девизната политика и од мерките на нејзиното остварување во 1992 година се утврдува:

## ТЕКОВНИ И КРЕДИТНО-ФИНАНСИСКИ ОДНОСИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО СТРАНСТВО

– Платен биланс –

– мил. долари
1992

| | I-IV | V-XII | I-XII |
|---|---|---|---|
| **ВКУПЕН ДЕВИЗЕН ПРИХОД** | 370 | 1.194 | 1.564 |
| Извоз на стоки | 330 | 1.070 | 1.400 |
| Приходи од услуги | 15 | 58 | 73 |
| Дознаки | 25 | 66 | 91 |
| Наплатени камати | 0 | 0 | 0 |
| **ВКУПЕН ДЕВИЗЕН РАСХОД** | 400 | 1.226 | 1.626 |
| Увоз на стоки | 368 | 1.079 | 1.447 |
| Репродукција | 268 | 889 | 1.157 |
| - енергетски суровини | 50 | 107 | 157 |
| - остан. суров. и репром. | 218 | 782 | 1.000 |
| опрема | 20 | 30 | 50 |
| Производи за шир.потрош. | 80 | 160 | 240 |
| Расходи за услуги | 10 | 51 | 61 |
| Подигната ефектива | 20 | 51 | 71 |
| Платени камати | 2 | 45 | 47 |
| **САЛДО НА ТЕКОВНИТЕ ТРАНСАКЦИИ СО СТРАНСТВО** | –30 | –32 | –62 |
| Користени странски кредити | 0 | 42 | 42 |
| Финансиски кредити | 0 | 27 | 27 |
| Кредити за опрема | 0 | 10 | 10 |
| Кредити за репродукција | 0 | 5 | 5 |
| Други кредити | 0 | 0 | 0 |
| Отплата по главн. на долгот | 3 | 72 | 75 |
| Краткорочни кред. (нето) | 0 | 0 | 0 |
| Дадени кредити во странство | 0 | 0 | 0 |
| Наплати по кредити | 0 | 0 | 0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **САЛДО ОД КРЕДИТНО-ФИНАНСИСКИТЕ ТРАНСАКЦИИ СО СТРАНСТВО** | -3 | -30 | -33 |
| **САЛДО ОД ВКУПНИТЕ ТРАНСАКЦИИ СО СТРАНСТВО** | -33 | -62 | -95 |

ТЕКОВНИ И КРЕДИТНО-ФИНАНСИСКИ ОДНОСИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО СТРАНСТВО

– Девизен биланс –

– мил. долари 1992

| | I-IV | V-XII | I-XII |
|---|---|---|---|
| **ВКУПЕН ДЕВИЗЕН ПРИЛИВ** | 73 | 340 | 413 |
| Извоз на стоки | 38 | 211 | 249 |
| Приходи од услуги | 10 | 63 | 73 |
| Дознаки | 25 | 66 | 91 |
| Наплатени камати | 0 | 0 | 0 |
| **ВКУПЕН ДЕВИЗЕН ОДЛИВ** | 161 | 493 | 654 |
| Увоз на стоки | 121 | 354 | 475 |
| Репродукција | | | |
| – енергетски суровини | | | |
| – остан. суров. и репром. | | | |
| Опрема | | | |
| Производи за шир.потрош. | | | |
| Расходи за услуги | 18 | 43 | 61 |
| Подигната ефектива | 20 | 51 | 71 |
| Платени камати | 2 | 45 | 47 |
| **САЛДО НА ТЕКОВНИТЕ ТРАНСАКЦИИ СО СТРАНСТВО** | -88 | -153 | -241 |
| Користени странски кредити | 0 | 42 | 42 |
| Финансиски кредити | 0 | 27 | 27 |
| Кредити за опрема | 0 | 10 | 10 |
| Кредити за репродукција | 0 | 5 | 5 |
| Други кредити | 0 | 0 | 0 |
| Отплата по главн. на долг | 3 | 72 | 75 |
| Краткорочни кред. (нето) | 0 | 0 | 0 |
| Дадени кредити во странство | 0 | 0 | 0 |
| Наплати по кредити | 0 | 0 | 0 |
| **САЛДО ОД КРЕДИТНО-ФИНАНСИСКИТЕ ТРАНСАКЦИИ СО СТРАНСТВО** | -3 | -30 | -33 |
| **САЛДО ОД ВКУПНИТЕ ТРАНСАКЦИИ СО СТРАНСТВО** | -91 | -183 | -274 |

12. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 08–1791/1
26 април 1992 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
**Стојан Андов**, с.р.

**478.**

Врз основа на член 1 од Законот за мерките што можат да се преземат заради спречување и отстранување на нарушувањето во тековите на општествената репродукција на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“, број 55/91) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија „Службен весник на СРМ“ број 38/90), Владата на Република Македонија донесе

## УРЕДБА
## ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ ОД ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ СО РЕПУБЛИКИТЕ КОИ КОРИСТАТ ДРУГА ВАЛУТА

Член 1

Со оваа уредба се определува начинот на вршење на работите од платниот промет меѓу правните и физичките лица (во натамошниот текст: учесници) од Република Македонија со учесниците од републиките кои користат друга валута.

Член 2

Плаќањето меѓу учесниците од Република Македонија со учесниците од републиките кои користат друга валута се врши во денари доколку со посебна спогодба не е поинаку определено, преку посебна сметка на учесниците од Републиките што користат друга валута, отворена кај Службата на општествено книговодство во Македонија.

Учесниците од Република Македонија можат да им вршат плаќање на учесниците од републиките кои користат друга валута само преку сметката од став 1 на овој член.

Член 3

Учесниците од републиките кои користат друга валута ги плаќаат обврските спрема учесниците од Република Македонија само до височина на средствата во денари на сметката од член 2 на оваа уредба, стекнати со наплата на побарувањата од учесниците од Република Македонија со денот на влегувањето во сила на оваа уредба.

Член 4

Израмнувањето на меѓусебните салда меѓу учесниците од Република Македонија со учесниците од републиките кои користат друга валута ќе се уреди со посебна спогодба.

Член 5

Отворањето на сметки, наплатата и начинот на плаќањето со средствата од член 2 на оваа уредба, се вршат во согласност со упатството на генералниот директор на Службата на општествено книговодство во Македонија.

Член 6

Со влегувањето во сила на оваа уредба престанува да се применува Уредбата за начинот на вршење на работите од платниот промет со републиките кои наместо динари користат друга валута („Службен весник на Република Македонија“ број 1/92).

Член 7

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-50/1
25 април 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
**д-р Никола Кљусев**, с.р.

**479.**

Врз основа на член 1 од Законот за мерките што можат да се преземат заради спречување и отстранување на нарушувањата во тековите на општествената репродукција на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/91) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр.38/90), Владата на Република Македонија донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ЗАБРАНА НА ПЛАТНИОТ ПРОМЕТ СО РЕПУБЛИКИТЕ КОИ КОРИСТАТ ДРУГА ВАЛУТА

1. Со оваа одлука се забранува платниот промет за плаќање и наплата на правните и физичките лица со

републиките кои користат друга валута, доколку со посебна спогодба не е определено поинаку.

Правните и физичките лица со седиште во Републиката нема да вршат плаќање на правните и физичките лица чие седиште е во републиките кои користат друга валута.

Службата на општественото книговодство во Република Македонија нема да ги спроведува инструментите за обезбедување на плаќањето, односно налозите со кои се товарат сметките на правните и физичките лица од Републиката, во корист на правните и физичките лица од републиките кои користат друга валута и истите ќе ги врати на претпријатието и другите правни лица.

2. Забраната на платниот промет во Република Македонија е од привремен карактер и се применува до разрешувањето на меѓусебните финансиски односи со републиките кои користат друга валута.

3. Спроведувањето на оваа одлука го врши Службата на општественото книговодство во Република Македонија.

4. Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да се применува Одлуката за забрана на платниот промет со Република Словенија („Службен весник на СРМ" бр. 46/90).

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-48/1
25.04.1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев**, с.р.

**480.**

Врз основа на член 1 од Законот за мерките што можат да се преземат заради спречување и отстранување на нарушувањата во тековите на општествената репродукција на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 55/91) и член 45 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90), Владата на Република Македонија донесе

## ОДЛУКА
## ЗА НАЧИНОТ НА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ НА ПРАВНИТЕ И ФИЗИЧКИТЕ ЛИЦА ОД РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ОД РЕПУБЛИКИТЕ КОИ КОРИСТАТ ДРУГА ВАЛУТА

1. Со оваа одлука се уредува начинот на пресметување и плаќање на правата и обврските на правните и физичките лица од Република Македонија со републиките кои користат друга валута, доколку со посебна спогодба не е поинаку определено.

2. Меѓусебните долгови и побарувања настанати заклучно со 26 април 1992 година ќе се извршуваат по пат на пребивање (клиринг) во однос 1:1, а разликата над тој износ се порамнува во рок од три месеци со испорака на стоки и услуги, а ако тоа не е можно порамнувањата на салдата се врши во конвертибилна валута.

3. Цените на производите од меѓусебните договори ќе се утврдуваат во конвертибилна валута, а вредноста на размената ќе се утврдува со примена на курсот на пресметковен долар што е еднаков на 1 САД долар по курс, што го утврдува Народната банка на Македонија.

4. Службата на општественото книговодство во Република Македонија се задолжува да изготви пресметка, на меѓусебните долгови и побарувања меѓу стопанските субјекти од Република Македонија и од републиките кои користат друга валута со состојба на 26 април 1992 година.

5. Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да се применува Одлуката за начинот на пресметување и плаќање на правата и обврските на правните и физичките лица од Република Македонија и од Република Словенија („Службен весник на Република Македонија", бр. 46/91).

6. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-49/1
25.април 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев**, с.р.

**481.**

Врз основа на член 91, алинеја 8 од Уставот на Република Македонија, Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26 април 1992 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА КАКО САМОСТОЈНА И НЕЗАВИСНА ДРЖАВА

1. Владата на Република Македонија ја признава Република Босна и Херцеговина како самостојна и независна држава.

2. Република Македонија врз основа на принципот на реципроцитет ќе воспостави со Република Босна и Херцеговина дипломатски односи на ниво на амбасади.

3. Се задолжува Министерството за односи со странство да ја спроведе оваа одлука.

4.Одлуката влегува во сила веднаш, а ќе биде објавена во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-17/33
26 април 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
**д-р Никола Кљусев, с.р.**

**482.**

Врз основа на член 10 од Законот за преминување на државната граница и движењето во граничниот појас, а во врска со член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91), Владата на Република Македонија донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПОСТОЈАН ГРАНИЧЕН ПРЕМИН ЗА МЕЃУНАРОДЕН ЖЕЛЕЗНИЧКИ СООБРАЌАЈ

1.За преминување на државната граница према Република Србија се одредува пстојан граничен премин за меѓународен железнички сообраќај ВОЛКОВО.

2. Граничниот премин ќе биде отворен и ќе почне со работа по постигнување согласност со Република Србија.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен весник на Република Македонија"

Бр. 23-1365/7
25 април 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
**д-р Никола Кљусев, с.р.**

**483.**

Врз основа на член 10 од Законот за преминување на државната граница и движењето во граничниот појас, а во врска со член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91), Владата на Република Македонија донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПОСТОЈАН ГРАНИЧЕН ПРЕМИН ЗА МЕЃУНАРОДЕН ПАТЕН СООБРАЌАЈ**

1. За преминување на државната граница према Република Србија се одредува постојан граничен премин за меѓународен патен сообраќај СОПОТ.

2. Граничниот премин ќе биде отворен и ќе почне со работа по постигнување согласност со Република Србија.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1365/5
25 април 1992 година
Скопје

Претседател на Владата
**д-р Никола Кљусев, с.р.**

**484.**

Врз основа на член 10 од Законот за преминување на државната граница и движењето во граничниот појас, а во врска со член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91), Владата на Република Македонија донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПОСТОЈАН ГРАНИЧЕН ПРЕМИН ЗА МЕЃУНАРОДЕН ПАТЕН СООБРАЌАЈ**

1. За преминување на државната граница према Република Србија се одредува постојан граничен премин за меѓународен патен сообраќај ПЕЛИНЦЕ.

2. Граничниот премин ќе биде отворен и ќе почне со работа по постигнување согласност со Република Србија.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1365/4
25 април 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
**д-р Никола Кљусев, с.р.**

**485.**

Врз основа на член 10 од Законот за преминување на државната граница и движењето во граничниот појас, а во врска со член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91), Владата на Република Македонија донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПОСТОЈАН ГРАНИЧЕН ПРЕМИН ЗА МЕЃУНАРОДЕН ПАТЕН СООБРАЌАЈ**

1. За преминување на државната граница према Република Србија се одредува постојан граничен премин за меѓународен патен сообраќај БЛАЦЕ.

2. Граничниот премин ќе биде отворен и ќе почне со работа по постигнување согласност со Република Србија.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1365/3
25 април 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р**Никола Кљусев,** с.р.

**486.**

Врз основа на член 10 од Законот за преминување на државната граница и движењето во граничниот појас, а во врска со член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91), Владата на Република Македонија донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПОСТОЈАН ГРАНИЧЕН ПРЕМИН ЗА МЕЃУНАРОДЕН ПАТЕН СООБРАЌАЈ**

1. За преминување на државната граница према Република Србија се одредува постојан граничен премин за меѓународен патен сообраќај ЈАЖИНЦЕ.

2. Граничниот премин ќе биде отворен и ќе почне со работа по постигнување согласност со Република Србија.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1365/2
25 април 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев,** с.р.

**487.**

Врз основа на член 10 од Законот за преминување на државната граница и движењето во граничниот појас, а во врска со член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91), Владата на Република Македонија донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПОСТОЈАН ГРАНИЧЕН ПРЕМИН ЗА МЕЃУНАРОДЕН ПАТЕН СООБРАЌАЈ**

1. За преминување на државната граница према Република Србија се одредува постојан граничен премин за меѓународен патен сообраќај ТАБАНОВЦЕ.

2. Граничниот премин ќе биде отворен и ќе почне со работа по постигнување согласност со Република Србија.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1365/1
25 април 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев,** с.р.

**488.**

Врз основа на член 10 од Законот за преминување на државната граница и движењето во граничниот појас, а во врска со член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91), Владата на Република Македонија донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПОСТОЈАН ГРАНИЧЕН ПРЕМИН ЗА МЕЃУНАРОДЕН ЖЕЛЕЗНИЧКИ СООБРАЌАЈ**

1. За преминување на државната граница према Република Србија се одредува постојан граничен пре-

мин за меѓународен железнички сообраќај ТАБАНОВЦЕ.

2. Граничниот премин ќе биде отворен и ќе почне со работа по постигнување согласност со Република Србија.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1365/6
25 април 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев,** с.р.

**489.**

Врз основа на член 10 од Законот за преминување на државната граница и движењето во граничниот појас, а во врска со член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91), Владата на Република Македонија донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПОСТОЈАН ГРАНИЧЕН ПРЕМИН ЗА МЕЃУНАРОДЕН ПАТЕН СООБРАЌАЈ

1. За преминување на државната граница према Република Бугарија се одредува постојан граничен премин за меѓународен патен сообраќај Клепало – Берово.

2. Граничниот премин ќе биде отворен и ќе отпочне со работа по постигнување согласност со Република Бугарија.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен венсик на Република Македонија".

Бр. 23–1364/4
25 април 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев,** с.р.

**490.**

Врз основа на член 10 од Законот за преминување на државната граница и движењето во граничниот појас, а во врска со член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91), Владата на Република Македонија донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПОСТОЈАН ГРАНИЧЕН ПРЕМИН ЗА МЕЃУНАРОДЕН ПАТЕН СООБРАЌАЈ

1. За преминување на државната граница према Република Албанија се одредува постојан граничен премин за меѓународен патен сообраќај Свети Наум.

2. Граничниот премин ќе биде отворен и ќе отпочне со работа по постигнување согласност со Република Албанија.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23–1364/3
25 април 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев** с.р.

**491.**

Врз основа на член 10 од Законот за преминување на државната граница и движењето во граничниот појас, а во врска со член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91), Владата на Република Македонија донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПОСТОЈАН ГРАНИЧЕН ПРЕМИН ЗА МЕЃУНАРОДЕН ПАТЕН СООБРАЌАЈ

1. За преминување на државната граница према Република Албанија се одредува постојан граничен премин за меѓународен патен сообраќај Стење.

2. Граничниот премин ќе биде отворен и ќе отпочне со работа по постигнување согласност со Република Албанија.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23–1364/1
25 април 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев,** с.р.

**492.**

Врз основа на член 10 од Законот за преминување на државната граница и движењето во граничниот појас, а во врска со член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91), Владата на Република Македонија донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПОСТОЈАН ГРАНИЧЕН ПРЕМИН ЗА МЕЃУНАРОДЕН ПАТЕН СООБРАЌАЈ

1. За преминување на државната граница према Република Албанија се одредува постојан граничен премин за меѓународен патен сообраќај Блато – Дебар.

2. Граничниот премин ќе биде отворен и ќе отпочне со работа по постигнување согласност со Република Албанија.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23–1364/2
25 април 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев,** с. р.

**493.**

Врз основа на член 42 став 2 од Законот за заштита на животни од заразни болести кои ја загрозуваат целата земја („Службен лист на СФРЈ" бр. 43/86), Владата на Република Македонија донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОСНОВАЊЕ ГРАНИЧНИ ВЕТЕРИНАРНИ СТАНИЦИ

1. За вршење ветеринарни-санитарни прегледи и контрола на пратките на животни, производи од животни, суровини од животни, отпадоци од животни, семиња за вештачко осеменување, оплодени јајни ќелии за оплодување на животни и други предмети со кои може да се пренесува заразна болест, кои се увезуваат, извезуваат или превезуваат, се основаат гранични ветеринарни станици во следните места:

1) Скопје – за гранични премини: Табановци (патен промет Блаце, Деве Баир, Скопје, ЦИ Аеродром Петровец и ЦИ Пошта, Табановци (жел. премин) и Волково во Трубарево.

2) Гевгелија – за гранични премини: Гевгелија, Богородица, Ново Село, Стар Дојран.

3. Битола – за гранични премини: Ќафасан, Меџитлија, Охрид.

Граничните станици од став 1 на оваа точка се подрачните организациони единици на органотна упра

ва надлежен за работи на заштитата на животни од заразни болести.

2. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи одлуката за основање на гранични ветеринарни станици („Службен лист на СФРЈ“ бр. 51/91).

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-1421/1
25 април 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев,** с.р.

494.

Врз основа на член 50 став 3 од Законот за заштита на растенија од болести и штеточини кои ја загрозуваат целата земја („Службен лист на СФРЈ“ бр. 74/89), Владата на Република Македонија донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОСНОВАЊЕ НА ГРАНИЧНА СТАНИЦА ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈА

1. За вршење на здравствена контрола на растенија во прометот преку државната граница се основаат гранични станици за заштита на растенијата во следните места:

1) Скопје – за граничните премини Табановци (патнички премин) Блаце, Деве Баир, Аеродром Петровец, Пошта, Волково и Табановце (жел. станица) во Трубарево.

2) Гевгелија – за граничните премини: Гевгелија, Богородица, Ново Село, Стар Дојран, Делчево.

3) Битола – за граничните премини: Ќафасан, Меџитлија, Охрид.

Граничните станици од став 1 на оваа точка се подрачни организациони единици на органот на управата надлежна за работа на заштитата на растенијата.

2. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за основање на гранични станици за заштита на растенија („Службен лист на СФРЈ“ бр. 51/91).

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија.“

Вр. 23-1422/1
25 април 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
**д-р Никола Кљусев, с.р.**

495.

Врз основа на член 4 од Законот за општествена контрола на цените („Службен весник на СРМ“ бр. 20/90), Владата на Република Македонија донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКО НИВО НА ЦЕНИТЕ НА ОДДЕЛНИ ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ

1. Заради отстранување на растројствата на пазарот и во движењето на цените за одделни производи и услуги во производството, прометот и при вршењето на услугите, како највисоко ниво на цените се определуваат цените кои според постојните прописи се формирани и кои се применети на денот на влегувањето во сила на оваа одлука, и тоа:

– пренос на електрична енергија;
– дистрибуција на електрична енергија;
– производство на нафтени деривати;
– производство на млеко;
– искористување и употреба на вода за наводнување;
– промет на мало со нафтени деривати;
– производство и дистрибуција на вода;
– пречистување и одведување на отпадни води;
– производство и диструбиција на топлота, парно греење и термална вода;
– други комунални услуги (гробишта, погребни услуги);
– учебници за основно и средно образование;
– детски градинки;
– производство на промет на леб;
– производство и промет на брашно;
– производство и промет на шеќер;
– производство и промет на масло за јадење;
– станарина.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-1423/1
25 април 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
**д-р Никола Кљусев,** с.р.

496.

Врз основа на член 4 од Законот за општествена контрола на цените („Службен весник на СРМ“ бр. 20/90), Владата на Република Македонија донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКОТО НИВО НА ЦЕНИТЕ НА ОДДЕЛНИ ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ

1. Заради отстранување на растројствата на пазарот и во движењето на цените за одделни производи и услуги во производството, прометот и при вршењето на услугите, како највисоко ниво на цените се определуваат цените кои според постојните прописи се формирани и кои се применети на денот на влегувањето во сила на оваа одлука, и тоа:

– искористување и употреба вода за наводнување;
– производство и дистрибуција на вода;
– пречистување и одведување на отпадни води;
– производство и дистрибуција на топлота, парно греење и термална вода;
– станарина;
– други комунални услуги (гробишта, погребни услуги);
– учебници за основно и средно образование;
– детски градинки.

Цените на услугите од првиот став на оваа точка можат да се зголемат до 30% во однос на нивото на цените одредени за месец март.

**2. Цената на електричната енергија се одредува на просечно ниво од 5 денари за КВтч во стопанството и 6 денари по КВтч за домаќинствата,**

**3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.**

Број: 23-1429/1
25 април 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
**д-р Никола Кљусев,** с.р.

497.

Врз основа на член 4 од Законот за општествена контрола на цените („Службен весник на СРМ“ бр. 20/90) и член 45 од Законот за Владата на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90), Владата на Република Македонија донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА БРАШНОТО И ЛЕБОТ

1. Претпријатијата и другите правни лица и лицата што вршат дејност со самостоен личен труд (во ната-

моштниот текст: производители), кои произведуваат брашно, можат цените на брашното да ги формираат така што највисоките продажни цени да изнесуваат, и тоа:
– брашно тип „500" до . . . . . . . . . . . . . . . 64,20 ден/кгр
– брашно тип „850" до . . . . . . . . . . . . . . . 43,00 ден/кгр
– брашно тип „500" 1/1 кгр пакувано до . . 115,00 ден/кгр

Цените на брашното од став 1 на оваа точка важат како највисоки продажни цени на производителите франко натоварени во вагон или камион на најблиската натоварна станица на производителот, вклучувајќи ги и трошоците за пакување и амбалажа.

2. Претпријатијата и другите правни лица и лицата што вршат дејност со самостоен личен труд (во натамошниот текст: иматели на дуќани), кои вршат промет на брашно, можат цените на брашното да ги формираат така што највисоките малопродажни цени да изнесуваат и тоа:
– брашно тип „500" до . . . . . . . . . . . . . . . 90,00 ден/кгр
– брашно тип „500" 1/1 кгр
пакувано до . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 130,00 ден/кгр

3. Претпријатијата и другите правни лица и имателите на дуќани кои произведуваат леб, можат цените на лебот да ги формираат така што малопродажната цена на лебот од тип „500" од 600 грама да изнесува 85,00 денари.

4. Дирекцијата за стоковни резерви ќе исплатува разлика на цена на купените количини на брашното од пазарите надвор од Републиката доколку тие бидат купени по повисоки цени од определените во точка 1 и 2 на оваа одлука, под услов да се засмета на фактурната вредност по 3,00 ден/кгр превозни трошоци, 7% манипулативни трошоци и 25% трошоци во прометот (од кои 8% на големо и 17% на мало).

На претпријатијата и другите правни лица и имателите на дуќани кои произведуваат леб ќе им се исплатува компензација ако стварната цена на чинењето на лебот е поголема од цената на лебот определена во точка 3 на оваа одлука.

5. Со парична казна од 1.500.000 до 2.250.000 денари ќе се казни за стопански престап претпријатието и друго правно лице ако цените на своите производи ги формираат спротивно од одредбите на точките од 1 до 4 од оваа одлука.

За стопански престап од став 1 на оваа точка ќе се казни и одговорното лице во претпријатието и другото правно лице со парична казна од 75.000 до 125.000 денари.

Со казната од став 1 на оваа точка ќе се одземе и остварената имотна корист.

6. Со парична казна од 100.000 до 125.000 денари ќе се казни за прекршок имателот на дуќан кој произведува брашно, врши промет на брашно, произведува и врши промет на леб, ако цената на брашното и лебот ја формира спротивно на одредбите од точките 1 до 3 на оваа одлука.

Со казната од став 1 на оваа точка ќе се одземе и остварената имотна корист.

7. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување на највисоки цени на брашното и лебот („Службен весник на Република Македонија" бр. 13/92).

8. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1427/1
25 април 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев**, с.р.

**498.**

Врз основа на член 4 од Законот за општествена контрола на цените („Службен весник на СРМ" бр. 20/90) и член 45 од Законот за Владата на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90), Владата на Република Македонија донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКАТА ОТКУПНА И МАЛОПРОДАЖНА ЦЕНА НА МЛЕКОТО

1. Претпријатијата и другите правни лица што се занимаваат со производство и преработка на свежо млеко сами или во кооперација со индивидуални производители (во натамошниот текст: производители), можат да го откупуваат млекото по цена најмалку 10,15 денари од маслена единица односно 65% од малопродажната цена на пастеризирано млеко пакувано во фолија, франко-собирно место на продавачот, лактофриз или подвижна цистерна.

2. Како највисока малопродажна цена на пастеризирано-хомогенизирано кравјо млеко пакувано во фолија (полиетилен) се определува 120,00 ден/лит., паковано во пјур-пак 138,00 ден/лит.

Цената од точка 2 на оваа одлука важи за кравјо млеко кое содржи 3,2% млечна маст.

Ако млекото содржи поголем или помал процент на млечна маст цената од став 1 на оваа точка сразмерно се зголемува или намалува, со тоа што за кравјото млеко се признава најмногу до 4,3% млечна маст.

3. Цената од точка 1 и 2 на оваа одлука се однесува на кравјо млеко што во поглед на квалитетот ги исполнува следните услови:
1) да има најмногу 8,5% сува материја без маст;
2) да не му е додадена вода, што се утврдува со точката на мрзнење која не смее да биде поголема од 0,53%°C или индексот на рефракција да не е помал од 1.3420 или бројот на рефракцијата да не е помал од 39;
3) степенот на киселост да не е поголем од 7,6% сметајќи по Сокслет-Хенгел;
4) времето на обезбедување на метиленското синило да изнесува најмалку 2 часа, сметајќи по оригиналната метода на Орли Јенсен (со таблети со стандардна количина на метиленско синило);
5) да има најмалку 3,2% млечна маст;
6) да не е произведено од крави лекувани со арсен, жива, или со други лекови кои преминуваат во млекото за време на лекувањето и за време до 5 дена по лекувањето.

4. Со парична казна од 1.500.000 до 2.250.000 денари ќе се казни за стопански престап претпријатие и друго правно лице кое врши промет на млеко по повисоки цени од цените определени во точка 2 од оваа одлука.

За стопански престап од став 1 на оваа точка ќе се казни одговорното лице во претпријатието или друго правно лице со парична казна од 75.000 до 125.000 денари.

Со казната од став 1 на оваа точка ќе се одземе и остварената имотна корист.

5. Со парична казна во износ од 100.000 до 500.000 денари ќе се казни за прекршок работниот човек што врши дејност со самостоен личен труд – промет на млеко, ако цената на млекото ја формира по повисоки цени од определените во точка 2 на оваа одлука.

6. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување на највисоката откупна и малопродажна цена на млекото („Службен весник на Република Македонија" бр. 2/92).

7. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1424/1
25 април 1992 година
Скопје

Претседател на Владата
д-р **Никола Кљусев,** с.р.

499.

Врз основа на член 4 од Законот за општествена контрола на цените („Службен весник на СРМ" бр. 20/90) и член 45 од Законот за Владата на Социјалистичка Република Македонија ("Службен весник на СРМ" бр. 38/90), Владата на Република Македонија донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ШЕЌЕРОТ

1. Претпријатијата и другите правни лица што произведуваат шеќер можат цените за шеќер да ги формираат така што највисоките продажни цени да изнесуваат и тоа:

| | ден/кгр |
|---|---|
| 1. шеќер во кристал пакуван од 50 кгр до | 260,00 |
| 2. шеќер во кристал пакуван на индустриски начин 1 и 2 кгр до | 284,00 |

Цените на шеќерот од точка 1 на оваа одлука важат како највисоки продажни цени на производителите, франко натоварени во вагон, камион на најблиската натоварна станица на производителот или франко натоварено во фабрика, вклучувајќи ги трошоците за пакување и амбалажа.

2. Претпријатијата и другите правни лица што вршат промет на шеќер како и работните луѓе што вршат дејност со самостоен личен труд (во натамошниот текст: иматели на дуќани), можат цените за шеќер да ги формираат така што највисоките малопродажни цени да изнесуваат и тоа:

| | ден/кгр |
|---|---|
| 1. шеќер во кристал пакуван од 50 кгр до | 350,00 |
| 2. шеќер во кристал пакуван на индустриски начин од 1 и 2 кгр до | 383,00 |

3. На претпријатијата и другите правни лица што произведуваат шеќер, наменето за потребите на широката потрошувачка, ќе им се исплатува компензација за разликата помеѓу цената утврдена во точка 1 од оваа одлука и стварната цена на чинењето.

На претпријатијата и другите правни лица и имателите на дуќани што вршат промет на шеќер, а набавката ја извршиле на пазарите надвор од Републиката по повисоки цени определени во точка 1 од оваа одлука, ќе им се исплатува компензација само за разликата над утврдената цена.

Компензацијата ќе се исплатува преку Дирекцијата за стоковни резерви.

4. Со парична казна од 1.500.000 до 2.250.000 денари ќе се казни за стопански престап претпријатие или друго правно лице ако цените на своите производи ги формира спротивно од одредбите од точките 1 и 2 од оваа одлука.

За стопански престап од став 1 на оваа точка ќе се казни и одговорното лице во претпријатието и друго правно лице со парична казна од 75.000 до 125.000 денари.

Со казната од став 1 на оваа точка ќе се одземе и остварената имотна корист.

5. Со парична казна од 100.000 до 500.000 денари ќе се казни за прекршок имател на дуќан кој врши промет на шеќер ако цената на шеќерот ја формира спротивно од одредбите на точката 2 од оваа одлука.

Со казната од став 1 на оваа точка ќе се одземе и остварената имотна корист.

6. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување на највисоки цени на шеќерот („Службен весник на Република Македонија" бр. 13/92).

7. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1426/1
25 април 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев,** с.р.

500.

Врз основа на член 4 од Законот за општествена контрола на цените („Службен весник на СРМ" бр. 20/90) и член 45 од Законот за Владата на Социјалистичка Република Македонија ("Службен весник на СРМ" бр. 38/90), Владата на Република Македонија донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА МАСЛОТО ЗА ЈАДЕЊЕ

1. Претпријатијата и другите правни лица што произведуваат масло за јадење можат цените на масло за јадење да ги формираат така што највисоките продажни цени да изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| а) рафинирано масло за јадење од сончоглед: | |
| – во пластична амбалажа 1/1 литар до | 592 ден/лит |
| – во стаклено шише (повратно) 1/1 литар до | 561 ден/лит |
| – во пластична туба 20/1 литар до | 645 ден/лит |
| – во рефусна состојба до | 561 ден/лит |
| б) рафинирано масло од соја: | |
| – во пластична амбалажа од 1/1 литар до | 571 ден/лит |
| – во стаклено шише (повратно) 1/1 литар до | 538 ден/лит |
| – во пластична туба 20/1 литар до | 625 ден/лит |
| – во рефусна состојба до | 538 ден/лит |

Цените на масло за јадење од став 1 на оваа одлука важат како највисоки продажни цени на производители, франко натоварени во вагон, камион на најблиската натоварна станица на производителот како франко натоварено во фабрика, вклучувајќи ги и трошоците за пакување и амбалажа.

2. Претпријатијата и другите правни лица што вршат промет на масло за јадење како и работните луѓе што вршат дејност со самостоен личен труд (во натамошниот текст: иматели на дуќани), можат цените на маслото за јадење да ги формираат така што највисоките малопродажни цени да изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| а) рафинирано масло за јадење од сончоглед: | |
| – во пластична амбалажа 1/1 литар до | 800 ден/лит |
| – во стаклена амбалажа (повратно) 1/1 литар до | 757 ден/лит |
| – во пластична туба 20/1 литар до | 871 ден/лит |
| – во рефусна состојба до | 757 ден/лит |
| б) рафинирано масло од соја: | |
| – во пластична амбалажа од 1/1 литар до | 771 ден/лит |
| – во стаклено шише (повратно) 1/1 литар до | 727 ден/лит |
| – во пластична туба 20/1 литар до | 843 ден/лит |
| – во рефусна состојба до | 727 ден/лит |

3. На претпријатијата и другите правни лица што произведуваат масло за јадење, наменето за потребите на широката потрошувачка, ќе им се исплатува компензација за разликата помеѓу цената утврдена во точка 1 од оваа одлука и стварната цена на чинењето.

На претпријатијата и другите правни лица и имателите на дуќани што вршат промет на рафинирано масло

за јадење, а набавката ја извршиле на пазарите надвор од Републиката по повисоки цени утврдени во точка 1 од оваа одлука, ќе им се исплатува компензација само за разликата над утврдената цена.

Компензацијата ќе се исплатува преку Дирекцијата за стоковни резерви.

4. Со парична казна од 1.500.000 до 2.250.000 денари ќе се казни за стопански престап претпријатие и друго правно лице ако цената на маслото за јадење ја формира спротивно од одредбите од точките 1 и 2 од оваа одлука.

За стопански престап од став 1 на оваа точка ќе се казни и одговорното лице во претпријатието и друго правно лице со парична казна од 75.000 до 125.000 денари.

Со казната од став 1 на оваа точка ќе се одземе и остварената имотна корист.

5. Со парична казна од 100.000 до 500.000 денари ќе се казни за прекршок имателот на дуќан кој врши промет на масло за јадење ако цената на маслото за јадење ја формира спротивно на одредбите од точката 2 на оваа одлука.

6. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување на највисоки цени на маслото за јадење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/92).

7. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-1425/1
25 април 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев**, с.р.

501.

Врз основа на член 28 од Законот за девизно работење („Службен лист на СФРЈ“ бр. 66/85, 3/88, 59/88, 82/90, 96/91) и член 6 од Уставниот закон на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91), Владата на Република Македонија донесе

## ОДЛУКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КУРСОТ НА ДОМАШНАТА ВАЛУТА

1. Средниот курс на домашната валута спрема германската марка (ДЕМ) се утврдува на ниво на 360 единици за 1 германска марка (ДЕМ).

2. Врз основа на курсот на домашната валута од точка 1 од оваа одлука, Народната банка на Македонија ги утврдува курсевите на домашната валута спрема другите конвертибилни валути, кои се предмет на купување и продажба на девизниот пазар, по принципот на правило вкрстени курсеви.

3. Курсот на домашната валута за пресметковниот долар се формира на ниво на курсот на домашната валута за американскиот долар.

4. Оваа одлука влегува во сила на ден 27 април 1992 година во 00,00 часот.

Бр. 23-1420/1
25 април 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев**, с. р.

502.

Врз основа на член 1, став 1 од Законот за мерките кои може да се преземат заради спречување на отстранување на нарушувањата на тековите на општествената репродукција на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/91), Владата на Република Македонија донесе

## ОДЛУКА ЗА НАЧИНОТ НА ЕВИДЕНТИРАЊЕ ПРИ ЗАМЕНА НА ДИНАРИ ЗА ПАРИЧНА ЕДИНИЦА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

При замена на динари за парична единица на Република Македонија се врши перфорација во десниот долен агол од личната карта во пластична фолија, додека перфорацијата на лични акти со повеќе листови се врши на десната корица исто така во десниот долен агол.

Член 2

Перфорацијата ја врши шалтерскиот работник во соодветната банка каде што се врши замената на динари со парична единица на Република Македонија.

Член 3

Граѓанин само еднаш може да изврши замена на динари со парична единица на Република Македонија, доколку со Одлука на Владата на Република Македонија не биде поинаку одлучено.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-1428/1
25 април 1992 година
Скопје

Претседател на Владата,
д-р **Никола Кљусев**, с.р.

503.

Врз основа на член 2 од Законот за употреба на паричната единица на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 26/92) и член 40 од Законот за Народна банка на Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 26/92), донесувам

## ОДЛУКА ЗА АПОЕНСКАТА СТРУКТУРА И ОСНОВНИТЕ БЕЛЕЗИ НА ВРЕДНОСНИТЕ БОНОВИ НА НАРОДНАТА БАНКА НА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Вредносните бонови на Народната банка на Македонија се издаваат во апоени од 10, 25, 50, 100, 500, 1.000 и 5.000 единици.

Сите апоени на вредносните бонови ќе се печатат во еднаква димензија од 70мм x 136мм на специјална хартија заштитена со вграден дисконтинуиран воден жиг и со видливи и невидливи влакна. Невидливите влакна рефлектираат жолто под ултра виолетови зраци.

Член 2

На лицето на вредносните бонови од 10, 25, 50, 100, 500 и 1.000 парични единици на левата половина се наоѓа гравура на „Македониумот“ во Крушево,а на десната половина круговидна гравура.

На почетокот на левата половина до средината на апоените од ставот еден е испишано „Република Македонија“ со крупни ракописни букви, а на десната страна на две места износот на паричните единици со бројки, при што едната бројка е испишана со крупни и лесно забележливи бројки. Преку круговидната гравура на десната страна е испишан со крупни букви износот на

паричната единица, а на левата половина под гравурата на „Македониумот“ серискиот број кој се состои од седум бројки.

Член 3

На опачината на вредносните бонови од 10, 25, 50, 100, 500 и 1.000 парични единици на левата страна има гравура на „тутуноберачите“, а на десната страна гравура на јајцевиден круг.

На левата страна горе е испишано со ситни печатни букви „Скопје 1992 година“, а покрај левата страна вертикално е испишан текстот „фалсификувањето се казнува според законот“.

На десната страна на паричниците горе, со средно крупни букви е испишано „Народна банка на Македонија“, а долу со ситно печатени букви „заменик на гувернерот“ и „гувернер“ и факсимил на потписите на заменикот на гувернерот и гувернерот на Народна банка на Македонија.

На десната страна на две места е напишан износот на паричните единици во бројки, при што едната бројка е испишана со крупни и лесно забележливи бројки. Преку гравурата на јајцевиден круг е испишан, со крупни букви, износот на паричните единици.

Во средината на паричницата во долната површина нацртан е мал јајцевиден круг со ракописна буква „М“ што ја означува првата буква од Македонија.

Член 4

Вредносните бонови од 10, 25, 50, 500 и 1.000 парични единици се печатени во двобојна техника и тоа:

– боновите од 10 парични единици во сина и црвена боја;

– боновите од 25 парични единици во црвена и светло виолетова боја;

– боновите од 50 парични единици во светло и темно кафеава боја;

– боновите од 100 парични единици во сива боја со зеленкаста подлога;

– боновите од 500 парични единици во зелена со жолто кремова боја; и

– боновите од 1.000 парични единици во сина и розе боја.

